# ПАЈОНИЈА И ПАЈОНЦИТЕ

## ИЗВОРИ • ИСТОРИЈА • АРХЕОЛОГИЈА

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

2022

# ПАЈОНИЈА И ПАЈОНЦИТЕ

## ИЗВОРИ • ИСТОРИЈА • АРХЕОЛОГИЈА

2022

*Издавач* Филозофски Факултет – Скопје

*За издавачот* проф. д–р Ратко Дуев

*Уредници на монографијата* проф. д–р Антонио Јакимовски
проф. д–р Војислав Саракински

*Рецензенти* проф. д–р Ратко Дуев
д–р Бошко Ангеловски

*Лектура и коректура* Даница Стрезовска

*Идејно решение и обработка* проф. д–р Војислав Саракински

*Печати* Европа 92, Кочани

*Тираж* 100

Постојат многу трудови посветени на поединечни пројавувања од материјалната култура на Пајонците, а често се анализираат и пишаните сведоштва во кои се спомнати. Сепак, во македонската научна јавност се чувствува недостиг на една поголема, заокружена публикација која ќе понуди поширок и поисцрпен приказ на Пајонија и Пајонците, какви што ги гледаме во изворите и преку материјалните наоди. Подеталните анализи обично се објавуваат во изданија потешко достапни за пошироката јавност, или пак во стручни списанија што ги користат главно специјалисти. Повеќе важни трудови се објавени – како извештаи од ископувања, или пак како сумарни прикази – во гласниците на локални музеи. Згора на сè, тие често зафаќаат само еден дел од материјалните наоди, а поретко нудат толкување на пишаните извори, па затоа и не можат да го покријат целосниот општествен и политички контекст, особено во т.н. историско време.

Од тука произлезе идејата за „Пајонија и Пајонците“, монографија наменета на археолозите, историчарите на антиката, класичните филолози, и воопшто сите истражувачи заинтересирани за еден поширок приказ на пајонската проблематика – од првото пројавување на специфична и самостојна пајонска материјална култура, преку раниот историски период, во кој Пајонците првпат се јавуваат во пишаните извори, па сè до конечното паѓање на Пајонија под македонска власт и слегувањето на Пајонците од историската сцена.

Оваа монографија е органски составен збир од интердисциплинарни трудови, во кои се толкуваат литературни и наративни сведоштва, се анализираат најважните археолошки наоди и се прикажуваат најновите достигања во пајонската нумизматика и епиграфија. Секој труд опфаќа различна тема и има сопствен методолошки пристап; сепак, сите трудови еднакво ги исцртуваат определниците за секое идно истражување на пајонската проблематика: потребата податоците да се разгледуваат во соодветен историски и историографски контекст; пишаните сведоштва и материјалните наоди најпрвин да се протолкуваат и, ако е можно, целосно да се расчистат, па дури потоа да се користат како основа за претпоставки; и, најпосле, археологот, историчарот и филологот еднакво да внимаваат на материјалните наоди во обидот да ги реконструираат главните интеракции и процеси во самостојната историја на Пајонците.

Веројатно најважната цел на оваа монографија се состои во намерата податоците, собрани во ваков облик, да поттикнат и охрабрат нови истражувања, со кои уште подлабоко ќе се проникне во историјата и културата не само на Пајонците, туку и на ним соседните балкански племиња и народи. Се надеваме дека, од сите поставени цели, токму оваа ќе биде најбрзо и најцелосно исполнета.

Уредниците

# СОДРЖИНА

9 Пајонците во пишаните извори до времето на Филип II
Војислав Саракински

39 Пајонците во пишаните извори од владеењето на Филип II до смртта на Дропион
Стефан Пановски

75 Погребните ритуали на пајонскиот простор во периодот на транзиција од бронзеното во железно време
Александра Папазовска

111 Пајонската култура: генеза и развој
Драги Митревски

163 Керамичка продукција по долината на Вардар од VII до IV век п.н.е.
Силвана Блажевска

197 Пајонските градови преку новите археолошки откритија
Марјан Јованов

215 Пајонска нумизматика
Антонио Јакимовски, Александар Илиевски

295 Македонската стратегија Пајонија
Виктор Лилчиќ Адамс

367 Епиграфски споменици од Пајонија во римско време
Славица Бабамова

407 Кружната-толос просторија во владетелската палата на Билазора (прилог кон пајонската религија)
Јовица Илиев

427 Реконструкција на античкиот храм во Билазора
Кирил Денковски

# ПАЈОНЦИТЕ ВО ПИШАНИТЕ ИЗВОРИ ОД ВЛАДЕЕЊЕТО НА ФИЛИП II ДО СМРТТА НА ДРОПИОН

## Стефан Пановски

> *As happens more often in ancient history than we like to admit, there are times when the lack of testimonia demands an admission that a particular case is insoluble.*
>
> P. Green

**1.** Во 360/59 г.[1] на македонскиот престол дошол најмалиот син на Аминта III – Филип II, кој немал многу причини за задоволство од стекнатата позиција. По една деценија внатрешни неприлики, главно предизвикани од Птолемај од Алорос, и надворешни притисоци што кулминирале со катастрофалниот пораз и смртта на Пердика III во битката со Илирите, се чинело дека државата на Аргеадите е на работ на пропаст. Се разбира, ова било знак за соседите веднаш да ја искористат слабоста на кралството. Опис на драматичната ситуација дава Диодор:

> По смртта на Аминта, тронот го наследил Александар, најстариот од неговите синови, но предавнички бил убиен од Птолемај од Алорос кој ја презел власта во кралството. На сличен начин и тој бил убиен од Пердика кој потоа дошол на власт, но доживеал пораз во голема битка против Илирите, при што го загубил и животот. Тогаш неговиот брат Филип, кој побегнал од заложништво, ја презел власта во кралството што се наоѓало во очајна состојба. Имено, повеќе од 4.000 Македонци загинале во битката, а пак останатите, целосно испаничени, се плашеле од илирската војска и немале храброст да ја продолжат војната. Речиси во исто време, соседните Пајонци, презирајќи ги Македонците, ја пустошеле земјата; Илирите собирале голема војска и се подготвувале да ја нападнат Македонија; а Павсанија, кој бил дел од кралското семејство, планирал со помош на тракискиот владетел да се врати и да се вклучи во борбата за кралството. Слично и Атињаните, кои биле непријателски настроени кон Филип, сакале на престолот да го вратат Аргај, поради што го испратиле стратегот Мантија со 3.000 хоплити и значителна поморска сила.[2]

---

[1] Сите датуми се стара ера.

[2] DS, 16.2.4–6.

Од ова попатно споменување не можеме да откриеме ништо повеќе за намерите на пајонскиот владетел Агид – приказот е прилично јасен што се однесува до мотивите и амбициите на останатите соседи, но не и за Пајонците. Дали навистина станувало збор за обичен пљачкашки поход во услови на криза во Македонија, или пак можеби обид за проширување на пајонското кралство за сметка на Аргеадите? Иако не може да се тврди, со оглед на понатамошниот развој на настаните, првото делува поверојатно. Имено, во обид да добие на време заради внатрешна реорганизација и справување со посериозните проблеми, особено против претендентите за престолот, Филип „испрати пратеници кај Пајонците, едни поткупи со дарови, а други убеди со великодушни ветувања, да се согласат барем во тој миг да го почитуваат мирот.“[3] Г. Грифит несомнено е во право кога истакнува дека независно од приказот на Диодор, последниот збор секако го имал пајонскиот владетел.[4] Што точно ветил Филип за да го убеди Агид да се повлече, не знаеме. Тоа што е јасно, иако во тој момент не било очигледно, е дека Пајонците ја прокоцкале најдобрата прилика да ја искористат моменталната слабост на Аргеадите. Филип не губел време и успеал да го порази Аргај[5] кој со атинска помош се обидувал да се врати на македонскиот престол, а приближно во исто време го повлекол македонскиот гарнизон од Амфипол со што исчезнала и главната причина за судир со Атина.[6] Слично како Агид и Пајонците, со подароци (и ветувања?) Филип успеал да го убеди и тракискиот владетел Берисад[7] да се откаже од планираниот напад и од подршката за Павсанија.[8] Предизвикот пак од неговите полубраќа од бракот на Аминта III со Гигаја, ако воопшто треба да се датира во овој период, завршил со елиминацијата на Архелај, најстариот од нив; останатите двајца се споменуваат подоцна, дури во 349 г., во контекст на судирот со Олинт.[9] Секако, сите овие успеси би биле залудни ако Бардилеј одлучел да ја искористи слабоста на кралството, особено по големата победа над Пердика III. Но, до такво нешто не дошло.

На што се должела илирската пасивност не е јасно[10] и, во крајна линија, и не е толку важно за нашава тема. Тоа што е важно е дека Филип II го добил она што во моментот му било најпотребно – време и маневарски простор за да ја среди состојбата во државата и да ја обнови и засили деморализираната војска.[11]

---

[3] DS, 16.3.4.

[4] Griffith in Hammond & Griffith 1979, 210f. (понатаму Griffith 1979).

[5] DS, 16.3.8; Just., 7.6.6.

[6] Редоследот на овие настани не е сосема јасен. За еден обид за расчистување на проблемот, и воопшто за борбата со Аргај и односите со Атина во овој период *v.* Heskel, J. „Philip II and Argaios: A Pretender's Story“. In R. W. Wallace & E. M. Harris (eds.), *Transitions to empire: essays in Greco–Roman history, 360–146 B.C. in honor of E. Badian*. University of Oklahoma Press, Norman (1996), 37–56.

[7] Диодор не го споменува по име тракискиот владетел, така што не може со сигурност да се идентификува за кој владетел станува збор; но во науката генерално се претпоставува дека станува збор за Берисад. *cf.* Делев 2014, 118f., 219.

[8] DS, 16.3.4.

[9] Just., 7.4.5, 8.3.10; Theopomp., *BNJ* 115 F29. Griffith 1979, 208, 699–701. Различно датирање кај Ellis, J. R. “The Step–Brothers of Philip II”. *Historia* 22.2 (1973), 350–354, кој претпоставува дека Архелај бил елиминиран неколку години откако Филип дошол на престолот.

[10] Дискусија кај Griffith 1979, 211 (повнимателен и воздржан); Ellis 1976, 47f. (поспекулативен).

[11] DS, 16.1–3.

Иако една година, а можеби и помалку, делува прекусо за целосно и темелно реорганизирање на македонската војска,[12] барем дел од реформите мора да биле започнати кога Филип преминал во офанзива. Први на удар се нашле токму Пајонците.[13] Изборот веројатно се должел на фактот што од сите закани, пајонската делувала како најмала, особено што во меѓувреме починал и кралот Агид. За жал, не знаеме речиси ништо за текот на овој поход што Диодор го опишува во две реченици: „Ослободен од војната со Атина, кога дознал дека пајонскиот владетел Агид починал, проценил дека дошол вистинскиот миг за да ги нападне Пајонците. Ја повел војската во Пајонија, ги поразил барбарите во битка, а народот го принудил да се потчини на Македонците."[14] Кои биле одредбите од договорот не е јасно, но веројатно не може да стане збор за покорување на Пајонија уште по овој поход. Целта на Филип делумно била да ја отстрани непосредната опасност од таа страна, а истовремено и да ја испроба војската и да го подигне нејзиниот морал. Со други зборови, походот во Пајонија бил само увод и подготовка за судирот со вистинската закана – Бардилеј, што и ќе се случи најдоцна во 358 г. и ќе заврши со блескава победа на Филип II.[15]

Победата над Бардилеј, што практично значела припојување на горномакедонските области и на локалните владетелски куќи кон кралството на Аргеадите, претставувала само увод во низа спектакуларни успеси – Амфипол бил освоен во 357 г., следната година паднала и Потидаја, а источната политика кулминирала со освојувањето на Кренида, подоцна преоснована како Филипи. Воените успеси биле заокружени со склучувањето на сојуз со епирскиот владетел Ариба, а потоа и со Халкидичкиот којнон.[16] Соседите сфатиле дека во 360/59 г. била пропуштена идеална прилика да се уништи кралството на Аргеадите, и дека младиот крал сега бил закана за сите нив. Како одговор, во 356/5 г. бил склучен сојуз меѓу Тракијците, Илирите, Пајонците и Атина.[17] Околностите во кои бил склучен договорот, како и дел од одредбите ги дознаваме од еден атински натпис:

> Граматеј Лисија, син на Лис – од демата Питос. Сојуз на Атињаните со Кетрипор Тракиецот и неговиот брат, со Липеј Пајонецот и Грабос Илирот. Кога Елпин беше архонт. На прватаританија на Хипотонтида. На единаесеттиот одританијата. Од проедрите Мнесарх– од– стави на гласање. Одлучено од Булето и демосот. Калистен предложи: За добра среќа на атинскиот демос, да се прифати сојузот онака како што, според Монуниј(?) братот на Кетрипор,

[12] *cf.* Polyaen., 4.2.10. Sekunda, N. „Land forces". 329. In P. Sabin, H. van Wees & M. Whitby (eds.), *The Cambridge History of Greek and Roman Warfare*, vol.1. Cambridge UP, Cambridge (2007), 325–357.

[13] Иако редоследот на настаните се чини јасен, датирањето не е сосема сигурно зашто зависи од тоа дали Филип стапил на власт во 360 или 359 г. Според тоа, некои истражувачи го датираат походот против Пајонците уште во 359, а пак некои на почетокот на 358 г.

[14] 16.4.2.

[15] Ellis 1976, 56f.

[16] Преглед кај Ellis, J. R. „Macedon and north–west Greece", 732–8. In *CAH*$^2$ vol.6 (1994), 723–759.

[17] Хронологијата, односно редоследот, на сите овие настани не е сосема јасна. Тука ја следам реконструкцијата на Rhodes & Osborne (2003, 256–8) кои склучувањето на сојузот го датираат по падот на Потидаја и освојувањето на Кренида.

било договорено меѓу брат му и пратеникот на атинскиот демос испратен кај Кетрипор и неговите браќа и кај Липеј Пајонецот и кај Грабос Илирот. Проедрите избрани да заседаваат со следната еклесија да ги претставаат пред демосот Монуниј(?), братот на Кетрипор, и Пејсианакт, и пратеништвата испратени од Липеј и Грабос и– испратено од Харес; и да го претстават мислењето на Булето пред демосот дека според Булето сојузот треба да се прифати, бидејќи.... Монуниј(?)... Харес... атинскиот демос... за војна... Липеј[18]... парите. Да се пофалат Кетрипор и неговите браќа, бидејќи се мажи благонаклонети кон Атињаните; да се пофали и Монуниј(?), братот испратен од Кетрипор, поради неговата доблест и благонаклоност и да се покани на гости во пританејот утре. Да се пофали и Пејсианакт и утре да се покани на вечера во пританејот; Да се поканат на гости и пратениците што пристигнаа од останатите басилеи, утре во пританејот. Ако има потреба да се дополни псефизмата, тоа ќе го стори Булето. За пратеници одбрани: Лисикрат од демата Ојноја, Антимах од–, Трасон од демата Ерхија. Се колнам во Ѕевс, и Земјата, и Сонцето, и Посејдон и Атена и Арес, дека ќе бидам пријател на Кетрипор и на браќата на Кетрипор и сојузник; и заедно со Кетрипор ќе војувам против Филип, искрено и со сета сила, колку што е возможно, и нема да ставам крај на војната против Филип без Кетрипор и неговите браќа, и ќе се вклучам во освојувањето на оние територии што ги држи Филип заедно со Кетрипор и неговите браќа, и ќе се вклучам во освојувањето на Кренида заедно со Кетрипор и неговите браќа, и ќе ги вратам.....[19]

За жал, не само што натписот е фрагментарен, туку и делот со одредбите од договорот, со исклучок на почетокот не е сочуван; така што не знаеме што очекувал, и на што се обврзувал Липеј. Сепак, мотивите на потписниците се прилично јасни.[20] Колку и да била вознемирена од падот на Амфипол и систематската елиминација на нејзиното влијание во Термајскиот залив и по тракомакедонското крајбрежје, Атина не можела да преземе ништо бидејќи била зафатена со Сојузничката војна (357–355 г.). Поради тоа се надевала дека ќе ја спречи македонската експанзија преку склучувањето на сојуз со дел од македонските соседи, и самите загрозени од плановите и амбициите на младиот крал – Кетрипор и Тракијците поради пробивот на Филип на исток, а Илирите на Грабос од ширењето на Македонија во тој правец по победата над Бардилеј. Што се однесува пак до Липеј[21] и Пајонците, тие несомнено сакале да се реваншираат за претход-

[18] Некои уредници наместо Липеј, тука читаат Филип.
[19] Rhodes & Osborne 2003, no. 53.
[20] *cf.* DS, 16.22.3.
[21] Или Ликпеј/Ликеј, како што гласи неговото име на пајонските монети. (*v.* бел. 31).

ниот пораз и да се ослободат од македонската власт.[22] Иако потенцијално сериозна закана за Македонија, коалицијата не успеала да постигне ништо посериозно благодарение на брзата интервенција на Филип. Целата ситуација јасно, иако премногу збиено, ја опишува Диодор: „Што се однесува пак до Македонија, тројца владетели – тракискиот, пајонскиот и илирскиот – се здружиле против Филип. Имено, како соседи на Македонците, тие со сомнеж го следеле издигнувањето на Филип, но биле свесни дека никој од нив поединечно не може да се судри со него зашто и претходно ги поразил. Сепак сметале дека лесно ќе го совладаат ако со здружени сили завојуваат против него. Но, Филип се појавил додека сѐ уште ја собирале војската и пред да ги здружат силите, им внел страв во коски и ги принудил да се придружат на Македонците.“[23]

За разлика од Илирите и Тракијците, против кои Филип и понатаму ќе војува во текот на своето владеење, Пајонците се споменуваат само уште еднаш, во контекст на настаните во 351/50 г.[24] Имено, во првиот говор за Олинт, Демостен споменува походи против Илирите, Молосите и Пајонците, што веројатно би требало да се датираат во периодот 351–349 г.[25] За разлика од односите со Илирите, и особено со Ариба од Молосија,[26] за борбите во Пајонија не знаеме ништо повеќе од ова изолирано споменување. Џ. Елис претпоставува дека станувало збор за редефинирање на односите со некои сојузници и зацврстување на власта над некои поданици чие однесување се покажало проблематично по поразот на Филип во Тесалија во 353 г.[27] Решението е привлечно, зашто нуди контекст за една епизода што инаку би останала нејасна. Па сепак, во недостаток од други извори, може само да се прифати со резерва, имајќи предвид дека во крајна линија станува збор за една логична, но непотврдена хипотеза.

Во истиот говор, Демостен ги споменува Пајонците уште еднаш, при тоа истакнувајќи дека како и Илирите, и тие биле робови (δοῦλοι) на Филип.[28] Ова нѐ доведува до

---

[22] Како што може да се забележи, најистакнато место во договорот има Кетрипор, по кој следат Ликеј и Грабос. Дали редоследот ја одразува моќта на секој од потписниците, барем во атински очи? Така на пример мисли Е. Петрова (1999, 14), која натписот го зема како показател дека во овој период Пајонија ги надминала Илирите во дипломатска и воена смисла. Но, ваквото толкување не е уверливо, од едноставна причина што не знаеме по кој критериум се наведени идните сојузници. Згора на тоа, нема никаков показател дека во овој период сите Илири биле под власта на Грабос, така што не може да се воспостави едноставно равенство меѓу Пајонците и Илирите.

[23] DS, 16.22.3. *cf.* Just., 12.16.6; Plut., *Alex.*, 3.5–8.

[24] Исклучок би можел да биде DS, 16.31.6, каде е даден хронолошки преглед на настаните во 354/3 г: Ἅμα δὲ τούτοις πραττομένοις Φίλιππος ὁ τῶν Μακεδόνων βασιλεὺς Μεθώνην μὲν ἐκπολιορκήσας καὶ διαρπάσας κατέσκαψε, †Πάγας δὲ χειρωσάμενος ἠνάγκασεν ὑποταγῆναι. Κατὰ δὲ τὸν Πόντον Λεύκων ὁ τοῦ Βοσπόρου βασιλεὺς ἐτελεύτησεν ἄρξας ἔτη τεσσαράκοντα, τὴν δὲ ἀρχὴν διαδεξάμενος Σπάρτακος ὁ υἱὸς ἐβασίλευσεν ἔτη πέντε. Имено, оригиналното Πάγας од ракописите вообичаено се емендира во Παγασάς. Но, Ehrhardt, C. (“Two Notes on Philip of Macedon's First Interventions in Thessaly”. *CQ* (n.s.) 17.2 (1967), 296–301) е крајно скептичен кон ваквото решение. Во тој контекст Griffith (1979, 264 n.2), размислува за Παίονας како можно решение, во кој случај дефинитивното покорување на Пајонија би требало да се датира неколку години подоцна од вообичаеното. Меѓутоа, ваквите комбинации засновани на емендација на извор се крајно несигурни и Грифит со право е крајно воздржан во претпоставката, при тоа потенцирајќи дека ниту еден друг извор не споменува поход во Пајонија во 354 или 353 г.

[25] Demosth., 1.13.

[26] *v.* Griffith 1979, 304–8.

[27] Ellis 1976, 259f. n.91.

[28] Demosth., 1.23.

прашањето за организацијата на Пајонија по нејзиното покорување. За последен пат во текот на владеењето на Филип, Пајонците ги споменува Исократ во познатото *Писмо до Филип* од 346 г.: „Зар не ги порази Магнесијците и Перајбите и Пајонците, и не ги направи свои поданици (ὑπήκοοι)? Зарем не загосподари и завладеа со мноштвото Илири, освен оние населени крај Јадранското море? Зар не поставува господари низ цел Тракија онака како што му одговара?“[29] Се разбира, од овие две информации што се среќаваат во дела на политички ангажирани автори, кои и онака се склони кон реторски претерувања (па и извртувања), не може да се извлече никаков дефинитивен заклучок за организацијата на Пајонија, односно нејзиниот статус во склоп на државата на Филип. Понудени се повеќе решенија – од широка автономија па сѐ до целосно потчинување и вклучување во државата на Аргеадите;[30] но, додека не се појават нови извори, ниту едно од нив не може да се прифати без резерва. Тоа што може да се забележи е дека за разлика од локалните владетелски куќи од горна Македонија кои исчезнуваат од изворите, пајонската владетелска куќа опстанала и по покорувањето на земјата од страна на Филип, за што говорат монетите и на Липеј, и подоцна на Патрај.[31] Токму правото и понатаму да издаваат сопствени монети покажува дека мора да уживале одреден степен на внатрешна автономија.[32] Присуството на пајонскиот контингент во војската на Александар III покажува дека биле должни да испраќаат војска, но кои и какви биле останатите обврски на Пајонците – ако воопшто имале – кон македонските владетели, не знаеме.[33]

Од прегледот на расположливите извори можеме да заклучиме дека Пајонија потпаднала под македонска власт во првата деценија од владеењето на Филип II – побрзо и полесно од повеќето останати соседи, особено Илирите и Тракијците, што барем делумно се должело на близината на Пајонија до јадрото на македонското кралство. Но, и покрај тоа, владетелското семејство опстојало и уживало некаков тип на автономија, или барем привилегирана позиција во кралството на Филип II.

**2.** За состојбата во Пајонија во времето на Александар III не знаеме речиси ништо; фокусирани на азискиот поход и на Александар, изворите посветуваат многу малку внимание на собитијата во Европа. Така, повеќе важни настани, како што е на

---

[29] Isoc., 5.21.

[30] *e.g.* Merker 1965, 44; Ellis 1976, 56f.; Griffith 1979, 253, 308; Hammond in Hammond & Griffith 1979, 652, 656, 672 (понатаму Hammond 1979); Проева 1997, 45f.; Петрова 1999, 13f. Вујчиќ 2017, 119f. n.30, придава големо значење на изразот „ги принудил да се потчинат“ кај Диодор (16.4.2), но како што видовме Филип презел уште најмалку еден поход во Пајонија, така што положбата на Пајонија по првиот поход не мора да соодветствува на положбата по вториот.

[31] За монетите на Липеј и Патрај *v.* Merker 1965, 44f.; Битракова Грозданова 1987, 81–84; Петрова 1999, 101–4; Павловска 2008, 20–22, 51–58.

[32] Hatzopoulos (1996, 245), ја смета Пајонија за (полу-)автономна.

[33] *Contra* Петрова (1999, 14), според која Исократ, на претходно споменатото место (*бел.* 29), вели дека Пајонците му плаќале данок. Но, како што видовме, во приказот на Исократ нема ништо такво – дека Пајонците плаќале данок е претпоставка на современите историчари (*e.g.* Merker 1965, 44; Hammond 1979, 652; Вујчиќ 2017, 120). Единствено Јустин (11.5.3) споменува дека Александар практично зел заложници од „владетелите кои плаќале данок“ (*reges stipendiarios*), што можеби ги вклучува и Пајонците, но бидејќи во описот никој не е поединечно споменат, тоа мора да остане претпоставка. Фронтин зборува за истата постапка (*Strat.* 2.11.3), но сосема очигледно ја става во контекст на тракиската кампања на Александар.

пример борбата во теснеците, или војната со спартанскиот басилеј Агид III, или бунтот во Тракија – одвај и да се споменати, па во таа смисла воопшто не изненадува што Пајонија не се споменува.

Изгледа дека приближно во исто време со смената на македонскиот престол, дошло и до смена на владетелите во Пајонија, каде Липеј бил наследен од Патрај. Овој владетел воопшто не се споменува во пишаните извори и за него знаеме единствено благодарение на неговите монети[34] и споменувањето на еден натпис како татко на Авдолеонт.[35] Така, не знаеме ниту кога точно, ниту во какви услови дошол на власт.[36] Според некои истражувачи, и Пајонците биле извор на немир во деновите по смртта на Филип II;[37] меѓутоа ваквата претпоставка не наоѓа директна поткрепа во изворите. Навистина, Плутарх и Јустин споменуваат немири и бунтови кај дел од „соседните барбари“, што би можело да ги опфаќа и Пајонците; но нивните прегледи се толку збиени и скратени, што е невозможно да се открие кои племиња ги имаат предвид покрај оние неколку што се конкретно споменати.[38] Според Диодор, по походот во Тракија (т.е. против Трибалите и Гетите), Александар се префрлил во Пајонија и Илирија и соседните области, каде многу племиња кренале бунт против Македонија.[39] Но Аријан, чиј преглед, иако збиен, сепак е подетален од оној на останатите извори, единствено споменува дека Александар се движел кон Агријаните и Пајонците, но не навестува какви било проблеми меѓу нив.[40] Така, нема доволно силни аргументи за да се претпостави дека и Пајонците биле меѓу оние соседи кои биле причина за грижа во првата година од владеењето на Александар III. За понатамошното владеење на Патрај не знаеме ништо, но генерално се претпоставува дека состојбата во Пајонија останала мирна.[41] Како што ќе видиме понатаму, претпоставката дека Пајонија се отцепила некаде во периодот меѓу 331 г. и 323 г. не почива врз уверливи аргументи.

Повеќе знаеме за пајонскиот контингент што учествувал во походот во Азија.[42], Во прегледот на војската со која Александар преминал во Азија, Диодор наведува дека Пајонците заедно со Тракијците броеле околу 900 коњаници и биле под заедничка ко-

---

[34] *Бел.* 31.

[35] Osborne 1981–83, i. D76. *v. infra.*

[36] Ова е условено од прашањето кога ќе го датираме владеењето на Липеј (*pace* Петрова 1999, 16 n.62). Без да навлегувам во детална анализа, го следам Wright (2012, 2) кој почетокот на владеењето на Патрај го датира приближно во 335 г.

[37] *e.g.* Gilley, D. L. & Worthington, I. „Alexander the Great, Macedonia and Asia“, 190. In Roisman & Worthington (2010), 186–207; Вујчиќ 2017, 120 n.14.

[38] Plut., *Alex.*, 11.1–6 (Трибали, Илири и други барбари); Just., 11.1.1–6, 11.2.4, 2.8. (Илири, Тракијци, Дарданци, Трибали и други барбари).

[39] 17.8.1–2. Според Heckel („Commentary“, 83. In Justin. *Epitome of the Philippic History of Pompeius Trogus: Books 11–12, Alexander the Great.* Translation and Appendices by J. C. Yardley; Commentary by W. Heckel. Clarendon Press, Oxford, 1997), Јустин и Диодор користеле ист извор, така што не може да стане збор за две независни сведоштва.

[40] 1.5.1. И Куртиј Руф (6.3.2) не ги споменува Пајонците меѓу племињата со кои војувал Александар.

[41] Merker 1965, 45, чија анализа е прифатена од повеќето истражувачи. Сликата дополнително се комплицира поради монетите на неколку локални владетели, или можеби владетели на Агријаните, за кои се претпоставува дека би можеле да бидат современици на Патрај. *v.* Петрова 1999, 17, 104f.; Павловска 2008, 18f.

[42] Berve 1926, i. 135.

манда на Касандар.[43] Касандар очигледно е грешка и вообичаено се емендира во Асандар.[44] Многу потешко е да се протолкува составот и бројноста на овие одреди, зашто не е сосема јасно на кого се однесува поимот *prodromoi*[45] – на тракиските коњаници, и на тракиските и на пајонските коњаници, или пак станува збор за трет и посебен одред независно од другите два контингенти.[46] Поради тоа, не можеме со сигурност да кажеме колкав бил пајонскиот контингент; но бидејќи се чини дека Пајонците биле групирани во една коњичка ила, вкупниот број веројатно бил одвај нешто повеќе од 200 коњаници.[47] Барем колку што можеме да заклучиме од изворите, овој мал контингент не добил засилувања од Европа во следните години. Меѓутоа по ова прашање изворите се крајно проблематични и некомплетни,[48] така што нивниот молк не е многу сериозен аргумент, па би можеле да претпоставиме дека некакви засилувања сепак пристигнале, макар за да се одржи почетната бројност на контингентот.[49]

Иако вообичаено се смета дека станува збор за лесна коњаница, сепак работите не се толку едноставни, зашто во изворите пајонскиот контингент најчесто се поврзува со *prodromoi*.[50] Посебен проблем причинува една информација кај Аријан: „Тогаш Александар ја зеде кралската ила, заедно со една ила од хетајрите и од продромите Пајонците, и ги поведе со сета брзина, а на останатиот дел од војската ѝ заповеда да го

[43] DS, 17.17.4: Θρᾷκες δὲ πρόδρομοι καὶ Παίονες ἐννακόσιοι, Κάσανδρον ἔχοντες ἡγεμόνα *κτλ*.

[44] Или Асандар синот на Филота, или Асандар синот на Агатон. *v.* Heckel 2006, 79 s.v. Cassander.

[45] Самиот поим продроми е проблематичен. Во буквална смисла, тие се оние што одат напред, односно претходница, и токму во таква улога ги среќаваме кај Херодот и Тукидид; при тоа, извидувањето не мора да е нивна примарна функција како што често се мисли; меѓутоа, по реформата на атинската коњаница, кај Ксенофонт се среќаваат како лесни единици со главна задача да извидуваат и да дејствуваат на тешко пристапен терен. Како што ќе видиме, ова не соодветствува во целост со улогата на продромите во војската на Александар, каде тие се дел од главната борбена линија. Одговорот делумно се наоѓа во поделбата на „лесна“ и „тешка“ коњаница која – барем кога се однесува на продромите – во одредена смисла претставува анахронизам, особено што македонските продроми наизменично се нарекуваат и сарисофори. Општо за продромите *v.* Pauli, *RE* 23.1 (1957), 102–104, s.v. πρόδρομος; Pritchett, W. K. *The Greek State at War*, pt.1. Univ. of California Press, Berkeley – Los Angeles (1971), 130f.; Bugh, G. R. *The horsemen of Athens*. Princeton UP, Princeton (1988), 221–24. За продромите на Александар *v.* Gaebel 2002, 172–78.

[46] За етничката припадност на продромите се искажани различни мислења. Тракијци: Tarn, W. W. *Alexander the Great II: Sources and Studies*. Cambridge UP, Cambridge (1950), 157f.; Sekunda, N. V. „The Macedonian Army“, 454. In Roisman & Worthington (2010), 446–471; Македонци: Berve 1926, i. 129f.; Brunt, P. A. Brunt, “Alexander's Macedonian Cavalry”. *JHS* 83 (1963), 27f.; Milns, R. D. “Alexander's Macedonian Cavalry and Diodorus xvii 17.4”. *JHS* 86 (1966), 167f. Heckel (1992, 352) укажува на фактот дека заповедниците на продромите несомнено се Македонци. Според Bosworth (1988, 262f.), тука не станува збор за посебниот одред на *prodromoi*, туку Диодор го користи поимот во неговото општо значење на лесна коњаница.

[47] Berve 1926, i. 135. *cf.* Heckel 2016, 261f.

[48] *v.* Bosworth 2002, 64ff.

[49] Berve (1926, i. 135), ја остава можноста меѓу петстоте тракиски коњаници што му се придружиле на Александар во Египет во 331 г. (Arr., 3.5.1) да се крие и одреден број на Пајонци. Меѓутоа, оваа можност ја темели на претпоставката дека Пајонците (како и Агријаните) биле дел од тракиската стратегија и соодветно на тоа биле регрутирани од таму (*ibid*., 133, 227f.) Но, како што покажуваат настаните по смртта на Александар (*infra*), ниту Пајонија, ниту земјата на Агријаните не биле дел од тракиската стратегија, така што оваа претпоставка треба да се отфрли.

[50] Arr., 1.14.1., 14.6; 2.9.2; 3.12.3.

следи полека.[51] Некои се обидуваат да го решат проблемот претпоставувајќи дека можеби станува збор за грешка кај Аријан,[52] а пак други дека станува збор за продроми во општа смисла на лесна коњица.[53] Но, со оглед на честото поврзување на пајонскиот контингент со продромите, веројатно би требало да се прифати текстот така како што е. Меѓутоа, македонските продроми во изворите наизменично се нарекуваат и *sarissophoroi*, што веројатно одразува некаква промена во вооружувањето, односно користење на сарисата како главно оружје.[54] Тоа што е важно е дека Пајонците никогаш не се нарекуваат сарисофори.[55] Според тоа можеме да заклучиме дека пајонската коњица, иако веројатно била различно вооружена,[56] извршувала слични функции како македонските продроми што се потврдува и од нејзината улога во битките кај Граник и Гавгамела.

Како што е познато, поради несогласувањата во изворите, од сите битки на Александар токму онаа кај Граник најтешко може да се реконструира.[57] За среќа, улогата на пајонската ила делува прилично јасно. Со сарисофорите, обете под команда на Аминта Арабаев, и илата на Сократ, тие биле поставени меѓу крајното десно крило каде бил Александар со коњицата на хетајрите под заповедништво на Филота, и центарот.[58] Токму овие одреди ја започнале битката: „Тогаш Александар го јавна својот коњ и откако им заповеда на оние околу него да го следат и да ја покажат својата храброст, им нареди на продромите и Пајонците со кои заповедаше Аминта Арабаев, заедно со еден одред од пешадијата да ја прегазат реката; а пред нив одеше илата на Сократ на чело со Птолемај Филипов, која на тој ден беше предводник на целата коњица.“[59]

Изворите, секогаш фокусирани на храброста и личните постигнувања на Александар, го затскриваат значењето и улогата на претходницата. Навистина, соочена со бројно надмоќен непријател каде се наоѓале и најдобрите единици на Персијците, претходницата трпела сериозни загуби и почнала да се повлекува.[60] Но, и покрај тоа извонредно ја извршила својата задача и всушност имала клучен удел во победата на

---

[51] 3.8.1: Ἀναλαβὼν οὖν τήν τε βασιλικὴν ἴλην καὶ τῶν ἑταίρων μίαν καὶ τῶν προδρόμων τοὺς Παίονας ἤλαυνε σπουδῇ, τὴν δὲ ἄλλην στρατιὰν βάδην ἕπεσθαι ἐκέλευσεν. Преводите од Аријан, со одредени измени, се преземени од изданието: Аријан, Александровата анабаса, во превод од старогрчки на д–р Маргарита Бузалковска–Алексова, Патрија, Скопје, 2000. (понатаму МБ–А).

[52] Brunt 1963, 27.

[53] Bosworth 1988, 265.

[54] Bosworth 1988, 262; Sekunda 1998, 24f.

[55] Brunt 1963, 27.

[56] *v.* Sekunda 1998, 25f.; Gaebel 2002, 178f.

[57] Освен несогласувањата на изворите, проблем е уточнувањето на топографските одлики на бојното поле, и особено распоредот и тактиката на персиските сатрапи, како и маневрите на левото крило. Очекувано, за битката е пишувано многу и нема потреба тука детално да се задржуваме. *v.* Badian, E. „The Battle of the Granicus. A new look“. *AM* 2 (1977), 271–293; Hammond, N. G. L. „The Battle of the Granicus River“. *JHS* 100 (1980), 73–88; Devine, A. M. „Demythologizing the Battle of the Granicus“. *Phoenix* 40.3 (1986), 265–278; Bosworth 1988, 39–44; Heckel, W. *The Conquests of Alexander the Great.* Cambridge UP, Cambridge (2008), 45–51.

[58] Arr., 1.14.1.

[59] Arr., 1.14.6. Преземено со измени од МБ–А.

[60] Arr., 1.15.1–3.

Александар – апсорбирајќи го првичниот налет на најдобрите персиски единици, му овозможила на Александар да ја мине реката непречено и да премине во решавачки контранапад.[61]

И во битката кај Исос, Пајонците повторно се поставени заедно со продромите на десното крило, овој пат пред македонската коњица.[62] Каква била улогата на пајонската коњица во текот на битката, не знаеме. Но, барем за прв пат се споменува нејзиниот заповедник Аристон. Како што видовме, кај Граник здружената команда над продромите и Пајонците му била доделена на Аминта Арабаев.[63] Со оглед на тоа што Аристон заповедал со Пајонците и кај Гавгамела, извесно е дека уште од самиот почеток бил илијарх на пајонската ила. Општо е прифатено дека станува збор за член на пајонската кралска куќа, а веројатно и брат на Патрај.[64] Сепак, потребно е внимание при ваквите претпоставки и реконструкции. Дека тој припаѓал на пајонското владетелско семејство е логично и сосема веројатно; и во таа смисла е сличен со примерот на Ситалк кој заповедал со тракиските аконтисти и исто така припаѓал на одриската кралска куќа.[65] Но, комбинациите за неговиот однос со Патрај – помлад брат, или син – се претпоставки што не може да се поткрепат со никаков извор.[66]

Ова е факт што не смее да се заборави, особено при анализата на монетите на Патрај. За што станува збор? Аристон е најпознат по неговата *aristeia* во деновите пред битката кај Гавгамела. Имено, според Куртиј Руф, војската на Александар се нашла во критична положба при преминот на реката Тигар, зашто постоела опасност од персиски напад.[67]

> „Без сомнение Масај ќе ги поразел Македонците ако нападнел додека ја минувале реката во безредие, но тој почнал да им се доближува со коњицата кога веќе се построиле на брегот во боен ред. Испратил одвај илјада коњаници напред, па кога Александар дознал за нивната малубројност, ги потценил и му наредил на Аристон, заповедникот на пајонската коњица, да ги нападне во полн галоп. Коњицата се истакнала во битката на тој ден, а особено Аристон. Тој со своето копје во грклот го пронижал заповедникот на персиската коњица (С)атропат, а кога овој почнал да бега, го гонел сред непријателските редови, го кутнал од коњот, и кога овој му се спротиставил, со мечот му ја пресекол главата; потем среде гласно ракоплескање ја однел и ја ставил пред нозете на кралот.“[68]

---

[61] Devine 1986, 277: “Considered strictly from a tactical standpoint, the Granicus is remarkable for a single stratagem only. This was the “feint” by the Macedonian advanceguard to draw the Persian cavalry into a false position and throw them into (momentarily victorious) disorder.”

[62] Arr., 2.9.2. Логично делува претпоставката дека овие единици постепено се распоредувале во главната борбена линија соодветно на тоа како што се „отворал“ просторот пред македонската војска. За битката *v.* Bosworth 1988, 55–64; Heckel 2008, 57–65.

[63] За овој Аминта *v.* Berve 1926, ii. 29f., s.v. Ἀμύντας (no.59); Heckel 2016, 31f.

[64] Berve 1926, ii. 74f., s.v. Ἀρίστων; Merker 1965, 45; Петрова 1999, 16f.; Heckel 2006, 48f., s.v. Ariston [3].

[65] *v.* Heckel 2006, 251f., s.v. Sitalces. Меѓутоа, Archibald (1998, 305) е порезервирана и единствено го смета за истакнат припадник на одриската аристократија.

[66] Wright (2012, 4), со право е скептичен по ова прашање.

[67] Curt., 4.9.14–23.

[68] Curt., 4.9.23–25. *cf.* Plut., *Alex.*, 39.2. Преводот со одредени измени е преземен од изданието: Куртиј Руф, *Историја на Александар Македонски*, превод од латински Љубинка Басотова, Патрија, Скопје, 1998.

Според И. Меркер,[69] токму овој настан е одбележан на монетите на Патрај, каде на реверсот е прикажан коњаник како со копје прободува паднат непријател со штит – решение што е прифатено од речиси сите историчари.[70] Меѓутоа овој заклучок е критикуван од Н. Рајт, кој нуди низа сериозни аргументи против вообичаеното толкување.[71] Иако и неговото решение, и особено историското толкување на собитијата, е подеднакво проблематично, сепак неговите аргументи против вообичаената идентификација делуваат мошне уверливо, и ако ништо повеќе, мора да се земат предвид при толкувањето на приказот.[72] Во оваа прилика нема потреба подетално да се задржуваме на ова прашање, дотолку повеќе што нумизматичките извори се тема на друг труд во оваа монографија. Доволно е само да се укаже дека претпоставената поврзаност на подвигот на Аристон со приказот на монетите на Патрај воопшто не е толку сигурна, како што вообичаено се смета.

Всушност, ова и не е единствениот проблем во врска со судирот меѓу пајонската ила и персискиот одред. Настрана крајно тенденциозниот и очигледно непријателски приказ на Куртиј, кој ги преувеличува безредието и паниката при преминот на реката, како и чудната одлука на Александар да испрати само една ила против 1.000 непријателски коњаници, останува проблемот со датирањето на настанот. Имено, за разлика од Куртиј, Аријан не споменува никаков судир со персиски контингент ниту на денот на преминувањето на Тигар, ниту во следните неколку дена.[73] Дури на четвртиот ден по преминувањето, Александар пресретнал еден персиски одред од 1.000 коњаници и во таа прилика ги повел со себе кралската ила, една ила од хетајрите и пајонските продроми;[74] а истиот настан накратко го споменува и Куртиј.[75] Очигледно еден од нашите извори греши – но, кој од нив, е многу потешко да се одговори. Не само што Аријан генерално се цени како поверодостоен и поточен извор, идентичниот број на персиски војници секако делува сомнително. Ако неговата верзија е точна, тогаш можеме да претпоставиме дека Куртиј направил збрка и погрешно го датирал и прикажал судирот во кој се истакнал Аристон.[76] Ова секако делува поразумно и поуверливо, зашто во судирот со 1.000 персиски коњаници не би учествувале само приближно 200 Пајонци, туку и две или од елитната македонска коњица на чело со Александар. Од друга

---

69 Merker 1965, 44–46.

70 *e.g.* Hammond in Hammond & Walbank 1988 (понатаму Hammond 1988), 92; Heckel 1992, 354; Id. 2006, 48; Sekunda 1998, 25f.; Петрова 1999, 16, 104; Freeman, P. *Alexander the Great.* Simon & Schuster, New York – London (2011), 172f.

71 Wright 2012, 4–11.

72 Од повеќето аргументи што ги нуди против идентификацијата на Аристон со коњаникот треба да се издвои фактот што ова би бил единствен пример каде на монета е прикажан подвиг на некој друг, а не на владетелот. Како што истакнува Wright (*ibid.*, 4), ваквата постапка би можела да ја наруши рамнотежата на силите во едно кралско семејство и да придонесе за династички немири и борби. Овој аргумент би добил уште повеќе на тежина кога би можеле да утврдиме точно во какви роднински односи биле Аристон и Патрај.

73 И Диодор (17.55) зборува единствено за проблемите при преминот на Тигар, а не и за судир со персиски одред. Сепак, приказот е збиен така што неговиот молк не е толку важен аргумент.

74 Arr., 3.7.5–8.2.

75 Curt., 4.10.9–11.

76 Освен историчарите наведени кај Heckel (1992, 354f. n.21) кои ја прифаќаат оваа претпоставка, може да се спомenат и Bosworth (1988, 80) и Freeman (2011, 171–3), кои во целост го игнорираат Куртиј и случката ја сместуваат согласно Аријан на четвртиот ден по преминот на Тигар.

страна, и описот на Аријан за настаните пред битката кај Гавгамела не е без одредени хронолошки проблеми; очигледно и кај него има одредено кратење на оригиналниот извор.[77] Исто така, фактот што Куртиј ги споменува двата судири независно еден од друг, секако зборува против претпоставката дека ги помешал настаните. Така, решението на овој проблем се сведува на прашањето кому повеќе да му се верува – на Аријан, или на Куртиј. Прашање што денес многу потешко може да се одговори одошто пред половина век, кога Аријан уживал речиси апсолутна доверба кај современите историчари – доверба за која поновите проучувања покажуваат дека можеби не е сосема, и секогаш, заслужена.[78] Според тоа, иако приказот на Аријан делува поубедливо и пологично, не можеме да бидеме сосема сигурни, па веројатно е најдобро само да заклучиме дека во некој судир пред битката кај Гавгамела се истакнала пајонската коњаница, и особено нејзиниот илијарх Аристон.

Што се однесува до битката кај Гавгамела, и овој пат пајонската ила била поставена меѓу единиците кои имале клучна улога во создавањето на услови за коњичкиот напад на Александар. Иако деталите за распоредот и особено формациската поставеност на македонската линија на десното крило е добро познат проблем,[79] улогата на Пајонците е прилично јасна. Имено, тие биле поставени во втората линија на крајното десно крило, заедно со продромите под заповедништво на Арета – зад платениците на Менида, а пред половина од Агријаните, македонските стрелци и „старите" платеници.[80] Токму на овој дел од линијата и започнала битката, и кога Бес се обидел да го опколи македонското десно крило „Александар им нареди на наемничките коњаници под команда на Менида да ги нападнат непријателите. Тогаш ним им се нафрли скитската коњица, заедно со бактриската коњица што беше построена до Скитите. Бидејќи беа побројни од малите сили на непријателите успеаа да ги одбијат. Тогаш Александар им заповеда на Пајонците предводени од Аристон[81] заедно со наемниците да навалат на Скитите, па барбарите одстапија. Но, кога останатиот дел од Бактријците им се приближи на Пајонците и наемниците, и ги врати во битката оние што веќе бегаа, се разви жесток коњички бој. Повеќемина паднаа од страната на Александар, потиснати од големиот број на барбари и заради тоа што Скитите и нивните коњи беа опремени со подобар заштитен оклоп. И покрај тоа, Македонците ги издржаа нивните напади, и

---

[77] *cf.* Bosworth 1988, 80 n.168.

[78] Проблемот со изворите за владеењето на Александар е тема за која многу е пишувано и во оваа прилика нема потреба од детална расправа. Кус и информативен преглед за прашањето даваат Bosworth („Introduction", 1–17. In A. B. Bosworth & E. J. Baynham (eds). *Alexander the Great in Fact and Fiction.* Oxford UP, Oxford (2000), 1–22), и Baynham („The Ancient Evidence for Alexander the Great". In J. Roisman (ed.), *Brill's Companion to Alexander the Great.* Brill, Leiden (2003), 3–29).

[79] *e.g.* Griffith, G. T. „Alexander's Generalship at Gaugamela". *JHS* 67 (1947), 77–89; Marsden, E. W. *The Campaign of Gaugamela.* Liverpool UP, Liverpool (1964); Devine, A. M. „Grand Tactics at Gaugamela". *Phoenix* 29.4 (1975), 374–385; Bosworth 1988, 74–85; Heckel 2008, 75–80.

[80] Arr., 3.12.3.

[81] Во оригиналниот текст пишува Арета, кој како што видовме заповедал со продромите. Вообичаено се прифаќа мислењето или дека Аријан едноставно ги помешал и ги згрешил имињата; или пак дека дел од реченицата меѓу „Арета" и „Пајонците" испаднал и всушност Александар наредил јуриш во два брана. Со оглед на тоа што Александар подоцна му наредува на Арета да ја нападне непријателската коњаница на десното крило (3.14.1), првото решение се чини поуверливо.

јуришајќи една ила по друга, го растураа нивниот борбен ред.“[82] Со оглед на тоа што македонската страна претрпела поголеми загуби, повлекувањето на Персијците попрво се должело на бегството на Дареј III од бојното поле, одошто на директен пораз во битката.[83] Независно од тоа, овие единици одиграле клучна улога – прво со тоа што го спречиле опколувањето на Бес, а потоа и со тоа што ја штителе коњаницата на хетајрите, сè додека не се укажал идеалниот момент за решавачкиот напад. Подеднакво важно, иако трпеле сериозни загуби и, наспроти Аријан, не можеле да го разбијат непријателот, тие успеале да врзат приближно 11.000 од коњаницата на Дареј, вклучително и некои од најдобрите единици како Бактријците, и со тоа придонеле да се создаде празнина во персиската линија.[84]

По битката кај Гавгамела, пајонската ила заедно со Аристон исчезнува од изворите и не знаеме што точно се случило со неа. Една можност е дека била распуштена, слично како што ќе бидат распуштени и хеленските одреди, вклучително и тесалската коњица.[85] Веројатно затоа Н. Рајт го датира отцепувањето на Пајонија по 331 г., односно по претпоставеното враќање на Аристон и пајонската коњица. Сепак, прашањето не е толку едноставно. Имено, и продромите, со кои како што видовме пајонската ила најчесто се поврзува, исчезнуваат од изворите по смртта на Дареј, односно во 330 г.;[86] а како сарисофори за последен пат се споменуваат во 329 г., во битка против Скитите.[87] Интересно е што во оваа прилика на помош на сарисофорите се испратени хипаконтистите,[88] кои во овој период ја презеле функцијата на продромите и биле една од најдобрите коњички единици за најразлични задачи, барем до појавата на стрелците на коњи (*hipotoxotai*) кои потоа ја преземаат нивната улога.[89] За разлика од стрелците, кои несомнено биле азиски трупи, потеклото на хипаконтистите не е јасно. Повеќето сметаат дека и тука станува збор за азиски одреди, но некои мислат дека всушност станува збор за постепено трансформирање на продромите, вклучително и пајонските коњаници, кои послужиле како основа при формирањето на хипаконтистите, особено што и тие вообичаено се строеле со македонските единици.[90] Но, аргументите не се доволно уверливи, и најдобро е прашањето да се остави отворено. Според друга претпоставка, пајонскиот одред бил оставен со Парменион во Екбатана во 330 г., но за ова нема никаков доказ.[91] Уште една можност е дека пајонскиот одред во целост бил вклучен во македонските продроми,[92] кои пак можеби биле инкорпорирани во новата организација на коњицата на хетајрите.[93] Еден од проблемите во обидот да се идентифи-

---

[82] Arr., 3.13.3–4.

[83] Devine, 1975, 379 n.12.

[84] Marsden 1964, 50, 53f.; Devine 1975, 379; Gaebel 2002, 175f.

[85] Arr., 3.19.5–6; Curt., 6.2.17; DS, 17.74.3; Plut., *Alex*., 42.5; Just., 12.1.1–3. Olbrycht, M. J. „First Iranian military units in the army of Alexander the Great“. *Anabasis* 2 (2011), 77.

[86] Arr., 3.20.1, 21.2.

[87] Arr., 4.4.7.

[88] Хипаконтистите за прв пат се среќаваат во Хирканија, во 330 г. (Arr., 3.24.1).

[89] Gaebel 2002, 176f.; Olbrycht 2011, 75f.

[90] *e.g.* Arr., 3.29.7, 4.4.7, 6.17.4. Преглед на различните мислења кај Heckel 2016, 277.

[91] Milns, R. D. „Arrian's Accuracy in Troop Details: A Note“. *Historia* (1978), 375f. Критикуван од Olbrycht 2011, 74 n.31.

[92] Berve 1926, i. 106, 135.

[93] Bosworth 1988, 269f.

кува пајонскиот одред по 331 г. се токму темелните реформи на коњицата спроведени во Ситакена зимата 331/330 г., по што кај коњаничките одреди бил напуштен моделот на организирање и групирање по *ethne*, а заповедниците не се бирале по потекло, туку по заслуга, односно по личен избор на Александар.[94] Накратко, не знаеме што точно се случило со пајонскиот контингент. Дури и да бил демобилизиран и вратен во Пајонија, ова не значи дека Патрај наскоро се ослободил од македонска власт, како што мисли Н. Рајт.[95] Но, за овој проблем понатаму. Претходно треба да се посвети внимание на уште еден контингент што ќе има уште поистакната улога од пајонскиот – оној на Агријаните.

**3.** За односите меѓу Агријаните и Македонија во времето на Филип II не знаеме речиси ништо.[96] Но, судејќи според блискоста меѓу Александар III и владетелот на Агријаните во 335 г., можеме да претпоставиме дека уште во времето на Филип II бил склучен сојуз.[97] Токму благодарение на блискоста со Александар дознаваме за Лангар – единствениот агријански владетел што го знаеме по име.[98] Нивниот меѓусебен однос е опишан кај Аријан, во контекст на балканската кампања на Александар III:

> „Самиот пак тој продолжи кон Агријаните и Пајонците. Таму му стигнаа гласници кои му јавија дека Клејтос Бардилов кренал бунт и дека нему му се придружил и Главкија, кралот на Таулантите. Тие исто така јавија и дека Аутаријатите ќе го нападнат во текот на маршот. Заради тоа се чинеше дека треба брзо да се покрене војската. Лангар, кралот на Агријаните, кој очигледно му беше наклонет на Александар уште додека Филип беше жив, и лично го имаше посетено

---

[94] Curt., 5.2.6; Arr., 3.16.11. Bosworth 1988, 268f.; Olbrycht 2011, 77.

[95] Wright 2012, 11.

[96] Тие биле споменати во *Филиповата историја* на Теопомп (*BNJ* 115 F268 a–b), но во која книга, а со тоа и во кој контекст, не може со сигурност да се утврди. Според една теорија, тоа би можело да биде 48 книга, односно во контекст на големата тракиска кампања на Филип во периодот 342–338 г. Според друга пак, можеби станува збор за 13 книга во контекст на основањето на Филипопол (*BNJ* 115 F110), или пак во 47 книга во контекст на основањето на Кабила (*BNJ* 115 F220). Се разбира, теориите се недокажливи. *v.* Делев 2014, 156f.; Morison, W. S. „Theopompos of Chios (115)“. In *BNJ* (2016), ad loc. Во секој случај, трите претпоставки споменувањето на Агријаните го ставаат во контекст на тракискиот поход 342–338 г., што претставувал кулминација на тракиската политика на Филип II. *v.* Archibald 1998, 234–7.

[97] Griffith 1979, 434 n.2; Heckel 2006, 145. Делев (2014, 157f.) е повнимателен и остава простор сојузот да бил склучен во времето на Александар. Сметам дека нема потреба од таква резервираност и за клучен аргумент го сметам присуството на Агријаните во војската на Александар уште во 335 г. Со оглед на бурните настани по убиството на Филип и немирите во Хелада, се чини поверојатно сојузот да датира пред стапувањето на Александар на власт; можноста што Делев (*ibid.*) ја зема предвид Александар да го склучил сојузот во 340 г. кога бил оставен за регент не делува особено уверливо – регент или не, последниот збор при еден ваков дипломатски чекор сепак би бил во рацете на Филип. И покрај молкот на изворите, со оглед на северната и источната политика на Филип се чини неверојатно дека во текот на целото негово владеење не биле воспоставени никакви односи со Агријаните. Во таа смисла, поверојатно делува претпоставката на Делев (*ibid.*) дека односите можеби датираат уште од 358 или 356 г. во контекст на борбите против Пајонците. Можна поткрепа за ова наоѓаме кај Апијан (*Ill.* 14), кој вели дека Агријаните им направиле големи услуги и на Филип и на Александар. Иако изворот мора да се земе со резерва, особено поради погрешното равенство на Пајонците со Панонците во истото поглавје, сепак реченицата за Агријаните сама по себе делува прифатливо.

[98] *v.* Berve 1926, ii. 230, s.v. Λάγγαρος (no.460); Heckel 2006, 145, s.v. Langarus.

како пратеник, во таа прилика беше присутен заедно со своите хипасписти, најдобрите и најдобро вооружените војници со кои располагаше. Кога разбра дека Александар се распрашува кои се Аутаријатите и колку се на број, му рече дека не треба да се грижи за нив, зашто се најневоинствените од сите околни племиња; самиот тој ќе ја нападне нивната земја, па ќе мораат да се грижат за сопствените работи. И по заповед на Александар, ги нападна и притоа ја ограби и пљачкоса нивната земја. Така Аутаријатите беа зафатени со сопствените проблеми, а Лангар беше многу почестен од Александар и прими дарови што се сметаат за најголеми кај кралот на Македонците. Кога пристигна во Пела, Александар му ја беше ветил за жена и сестра му Кина;[99] но по враќањето дома, Лангар се разболе и умре."[100]

Претходната соработка, односно почетокот на пријателството меѓу Лангар и Александар најверојатно треба да се датира во 340 г.,[101] кога во својство на регент Александар го задушил бунтот на Мајдите и го основал Александропол.[102] Од истиот опис би можеме да ја забележиме уникатната позиција што ја уживале Агријаните во склоп на кралството на Филип и потоа на Александар. Односот на Александар кон Лангар е речиси како кон рамноправен владетел, што се потврдува и со „самостојното"[103] дејствување на Лангар, а настрана подароците, секако најиндикативна е понудата да се ожени со неговата полусестра Кинана.[104] Во секој случај, за точниот статус на Агријаните може само да се дебатира – можеби сојузници или пак поданици со многу широка автономија.[105]

Како и за Пајонците во времето на Александар, сите извори за Агријаните се однесуваат на контингентот во неговата војска, што се споменува многу рано, уште во текот на операциите во 335 г. Во текот на тракискиот поход,[106] бидејќи теснецот низ планината Хајмос бил блокиран од „автономните" Тракијци, Александар бил принуден да нападне низ самиот премин. Во таа прилика на левото крило со себе ги повел агемата, хипаспистите и Агријаните.[107] Истата година, во текот на борбите против Илири-

---

[99] Односно Кинана – ќерката на Филип од бракот со Аудата – која била вдовица бидејќи Александар го убил нејзиниот сопруг Аминта, синот на Пердика III.

[100] Arr., 1.5. Преземено со измени од МБ–А.

[101] Hammond 1988, 39; Heckel 2006, 145; Делев 2014, 157.

[102] Plut., *Alex.*, 9.1. Делев 2014, 123.

[103] Самостојно, не во смисла дека Лангар самиот одлучувал и презел мерки, што очигледно било во договор и согласност на Александар, туку дека ги нападнал Аутаријатите само со својата војска.

[104] Hammond 1979, 672; Id. 1988, 39f. *Contra* Bosworth (1988, 12) кој смета дека Агријаните исто како и Пајонците рано биле покорени од Филип II.

[105] *cf.* Делев 2014, 158. Понудата на Александар Лангар да се ожени со Кинана секако остава впечаток на статус на сојузник. Од друга страна фактот што за време на големата кавга со Филип, Александар не побегнал кај неговиот добар пријател Лангар, туку кај Илирите (Athen., 557d; Plut., *Alex.*, 9.6–11; Just., 9.7.5), поправо упатува на заклучок дека Агријаните сепак биле дел од државата на Филип. Во тој контекст можеби би можело да се размислува за некаков статус сличен на оној на Епир, особено што и Филип договорил брак меѓу Клеопатра и Александар од Епир. Фактот што Олимпијада се вратила во Епир во текот на кавгата кога Александар избегал кај Илирите, не пречи на ваквата претпоставка, со оглед на тоа дека таа припаѓала на кралската куќа на Молосите.

[106] За походот *v.* Papazoglu 1969, 23ff.; Hammond 1988, 32ff.; Bosworth 1988, 28–30; Archibald 1998, 305f.; Делев 2014, 123–125.

[107] Arr., 1.1.8–13.

те кај Пелион, повторно го среќаваме агријанскиот контингент, и овој пат заедно со хипаспистите и со стрелците.[108] До крајот на оваа бурна година Агријаните учествувале и во борбите против Теба, овој пат групирани со стрелците.[109]

Во оваа прилика е невозможно да се даде детален преглед за операциите во кои учествувале Агријаните во текот на источниот поход, од причина што тие се споменуваат многу често и, за разлика од пајонската коњаница, ги среќаваме во изворите сè до 325 г.[110] Во секој случај, примерите од 335 г. се парадигматски за нивната улога и функција во војската на Александар во текот на целиот поход – час построени со стрелците[111] и со хипаспистите, час дел од операции каде била потребна брзина и мобилност или во изненадувачки и брзи напади како дел од специјални групации, или операции на тешко пристапен терен и на долги и мачни маршеви, и често во близина на самиот Александар.[112] Во големите битки вообичаено биле на десното крило заедно со критските стрелци, често покрај хипаспистите и во близина на коњаницата на хетајрите и Александар.[113]

Очигледно е дека станува збор за една од елитните единици во војската на Александар, и секако најдобрата и најважната меѓу лесната пешадија. Потврда за ова е фактот што за разлика од Агријаните, останатите единици на лесната пешадија се споменуваат многу поретко и за нив знаеме многу помалку. Што се однесува до воената опрема, и Агријаните, како и најголемиот дел од лесната пешадија, пред сè биле опремени со копја за фрлање, поради што и Аријан ги нарекува аконтисти.[114] Толкава била нивната слава, што изгледа дека и еден вид на копје се нарекувал според нив.[115] Од дефанзивната опрема можно е да носеле мала пелта, но ова не е сигурно.

---

[108] Arr., 1.5.10 (хипасписти, стрелци, Агријани, и околу 400 коњаници); 1.6.6–7 (Агријани и стрелци); 1.6.9–10 (хипасписти, Агријани, стрелци и единиците на Пердика и Којнос). За операциите кај Пелион *v.* Bosworth 1988, 30–32; Hammond 1988, 39ff.

[109] Arr., 1.8.3.

[110] *v.* Berve 1926, i. 137–139; Bosworth 1988, 263f.; Sekunda 1998, 46–49; Делев 2014, 161. Само кај Аријан Агријаните се споменуваат повеќе од педесет пати.

[111] Кај Диодор (17.17.4), критските стрелци и Агријаните формираат една комбинирана единица.

[112] За повеќе примери, *v.* Делев 2014, 160f. Детален показател со сите споменувања на Агријаните во J. Romm (ed.), *The Landmark Arrian: the campaigns of Alexander* (a new translation by P. Mensch; with maps, annotations, appendices and encyclopedic index), Anchor books, New York (2010), 427f., s.v. Agrianians.

[113] Кај Граник биле на крајното десно крило заедно со стрелците и коњаницата на хетајрите (Arr., 1.14.1). Кај Исос биле на крајното десно крило заедно со стрелци и неколку коњанички одреди, со задача да ги неутрализираат персиските сили што биле поставени на брдото и претставувале закана за десното крило на Александар (Arr., 2.9.2; Curt., 3.9.10). Бидејќи комбинираната групација од Агријани стрелци и платеници ги потиснала персиските сили на ридот, така што веќе не претставувале директна закана, Александар ја префрлил оваа групација во главната борбена линија на десното крило (Arr., 2.9.4). Кај Гавгамела половина од Агријаните биле поставени во третата линија на крајното десно крило – зад продромите и Пајонците; а дел, заедно со стрелците и аконтистите пред кралската ила и коњицата на хетајрите, наспроти бојните двоколки на Персијците (Arr., 3.12.2–3; Curt., 4.13.31), и се истакнале токму во справувањето со нападот на овие единици (Arr., 3.13.5). И делот на крајното десно крило имал важна улога во борбите, иако Куртиј погрешно ги идентификува како агријанска коњаница (4.15.21–22).

[114] 1.14.1.

[115] Hesych., 790, s.v. Ἀγριανέαιον· ἀκόντιον.

Во текот на балканската кампања во 335 г. комбинираниот одред на Агријани и стрелци броел 2.000 војници.[116] Под претпоставка дека одредот бил составен од приближно ист број на стрелци и Агријани, тогаш агријанскиот контингент броел околу 1.000 војници. Иако при преминот во Азија оваа комбинирана групација била двојно помала,[117] во следните години пристигнале засилувања, така што бројот на Агријаните повторно се искачил на 1.000 војници.[118] Интересно е што за разлика од пајонскиот контингент, барем до 330 г. Агријаните биле под команда на Македонецот Атал,[119] кој за последен пат се споменува при потерата по Бесос, во која Агријаните учествувале заедно со хипаспистите.[120] Можно е тој да останал заповедник на Агријаните во текот на целиот поход, а ако евентуално бил сменет, не го знаеме името на неговиот наследник.

Како што беше кажано, Агријаните последен пат се споменуваат во 325 г., при враќањето од Индија, кога уште еднаш, во друштво на дел од хипаспистите заедно со агемата и стрелците на коњи, биле избрани за брз марш и освојување на теснецот меѓу Гедросија и земјата на Орејтите.[121] Понатаму не го следеле Александар, зашто биле оставени во земјата на Орејтите заедно со дел од стрелците и комбинирана сила на платеничка коњаница и пешадија под команда на Леонат,[122] чија задача била да ја смири сатрапијата и да овозможи безбедни услови за пристигнувањето на флотата на Неарх[123] – извонредно важна задача, од која зависел и успехот на експедицијата. Иако понатаму не се споменуваат во изворите, тие несомнено учествувале во борбите против Орејтите. Имено, по заминувањето на Александар, Орејтите нападнале дел од војската на Леонат и им нанеле сериозни загуби.[124] Решавачката битка се одиграла кусо време пред пристигнувањето на флотата на Неарх, при што Леонат извојувал огромна победа.[125] По заминувањето на флотата на Неарх, и откако ја организирал сатрапијата, преку Гедросија Леонат се упатил на запад за да му се придружи на Александар – и тука веќе дефинитивно се губи трагата на Агријаните. Не знаеме што се случило со нив; сосема е возможно и тие да биле демобилизирани заедно со македонските ветерани во 324 г.,[126] иако ова не може да се поткрепи со извори.

Како што можеме да забележиме, иако малубројни контингенти, особено пајонскиот, станувало збор за елитни единици што уживале апсолутна доверба кај Алек-

---

[116] Arr., 1.6.6.

[117] DS, 17.17.4.

[118] Curt., 5.3.6: околу 1.000 Агријани (во 331 г.); Arr., 4.25.6: 1.000 Агријани (во 327 г.).

[119] Berve 1926, ii. 94f., s.v. Ἄτταλος (no.183) ; Heckel 2006, 62, s.v. Attalus [2].

[120] Arr., 3.21.8.

[121] Arr., 6.22.1–2.

[122] За Леонат *v.* Heckel 2016, 107ff.

[123] Arr., 6.22.3.

[124] DS, 17.105.8.

[125] Nearch., *BNJ* 133 F1 III ~ Arr., *Ind.*, 23.5; Curt., 9.10.19. Неарх секако претерува кога вели дека Орејтите загубиле повеќе од 6.000 војници, а Леонат само 15 коњаници и одреден број на пешадија. Но, дека станувало збор за сериозен судир говори и фактот што во Суса Александар го наградил Леонат со златен венец за победата против Орејтите (Arr., 7.5.5; Nearch., *BNJ* 133 F1 III ~ Arr., *Ind.*, 23.6).

[126] Berve 1926, i. 139. Според Делев (2014, 161), ако тие навистина биле демобилизирани со ветераните вклучително и аргираспидите, тогаш можеби воопшто и не се вратиле во Европа туку биле вовлечени во борбите на дијадосите. Ова секако е возможно, но во тој случај изненадува што една толку истакната и елитна единица не се споменува во борбите меѓу Антигон Еднооокиот и Евмен.

сандар, и често биле користени при тешки и критични операции; а ова особено важи за Агријаните. Не случајно Александар ги вброил Пајонците и Агријаните меѓу највоинствените племиња во Европа, заедно со Тракијците и Илирите;[127] и не изненадува што и подоцна ги среќаваме во хеленистичките војски, особено во војската на Антигонидите.[128]

**4.** Како што беше споменато, не знаеме што се случувало во Пајонија во времето на Александар III. Сепак, често се повторува претпоставката дека некаде во овој период Пајонија успеала да се ослободи од македонската власт, што се темели на распределбата на сатрапии со договорот во Бабилон по смртта на Александар.[129] Имено, според изворите, на Антипатар (и Кратер) им била доделена управата со Македонија и Хелада, Илирите, Трибалите и Агријаните, и оној дел од Епир што бил под македонска власт.[130] Според дел од современите историчари,[131] фактот што Пајонија не е спомената покажува дека веќе се ослободила од македонската власт. Кога Антипатар би бил задолжен за сите европски поседи, за ваквата претпоставка би можело барем да се дискутира; меѓутоа, истите извори потврдуваат дека Тракија му била доделена на Лисимах. Во ситуација каде Тракија не била во негова надлежност, навистина не е јасно како би можел Антипатар да управува со Агријаните – а да не зборуваме за Трибалите – ако немал пристап до Пајонија. Оттука, отсуството на Пајонија во списокот кај Аријан и Дексип не само што не е потврда за нејзината независност, туку напротив е показател дека таа била инкорпорирана и сметана за дел од државата на Аргеадите.[132] Но, најдоцна до 310 г. пајонскиот владетел Авдолеонт во изворите навистина се појавува како независен.

Според тоа, Пајонија се ослободила некаде во периодот меѓу 323 и 310 г. Иако не би можело со сигурност да се датира овој настан, сепак може да се даде одредена претпоставка. Во изворите за Ламиската војна,[133] такви какви што се, не се споменуваат проблеми на северот; ниту пак се споменува некаков поход на север по пристигнувањето на Кратер во Македонија и победата кај Кранон. Во описот на настаните до договорот во Трипарадејс и потоа смртта на Антипатар, никаде не се споменуваат какви било проблеми во Пајонија. Од друга страна, знаеме дека Касандар барем во една при-

---

[127] Arr., 2.7.5.

[128] Изворите за Пајонците и Агријаните во хеленистичките војски, вклучително и во војската на Антигонидите се собрани кај Launey 1949, 402–407.

[129] За проблемите што се однесуваат на договорот во Бабилон е пишувано многу и во оваа прилика нема потреба подетално да се задржуваме. Поважната литература е наведена кај Will 1979–82, i. 19ff.; Bosworth 2002, 29ff.; Atkinson („Commentary", 177ff. In Curtius Rufus. *Histories of Alexander the Great, Book 10*. Translated by J. C. Yardley; Introduction and Historical Commentary by J. E. Atkinson. Oxford UP, Oxford, 2009); Meeus, A. „The Power Struggle of the Diadochoi in Babylon, 323 BC". *Anc. Soc.* 38 (2008), 39–82.

[130] Arr., *FGrH* 156 F1 (Антипатар и Кратер); Dexip., *BNJ* 100 F8 (само Антипатар во својство на стратег автократор). *cf.* DS, 18.3.2 (Македонија и соседните области на Антипатар); Curt., 10.7.9 (Европа на Антипатар и Кратер); Just., 13.4.5 (Македонија и Хелада на Антипатар).

[131] *e.g.* Merker 1965, 46; Wright 2012, 12; Вујчиќ 2017, 120 n.15; Xydopoulos in *Lex. Arg. Mak.* (2020), 373f., s.v. Paionia.

[132] Проева 1997, 46; Петрова 1999, 17; Делев 2014, 163 n.1.

[133] Will 1979–82, i. 29–33; Hammond 1988, 107ff.; Grainger, J. D. *Antipater's Dynasty: Alexander the Great's Regent and His Successors*. Pen & Sword, Havertown (2019), 73ff.

лика му дошол на помош на Авдолеонт, и ниту еден извор не споменува дека се обидел да ја освои Пајонија во текот на своето долго владеење.[134] Можеби кон истиот заклучок води и фактот што Авдолеонт во изворите се појавува главно како непријател на Деметриј Полиоркет – стариот противник на Касандар. Според тоа, како најлогичен делува периодот на регентството на Полиперхонт, односно во текот на војната меѓу него и Касандар, кога второв успеал да привлече повеќе пријатели на Антипатар на своја страна против регентот.[135] Ако е тоа точно, тогаш одвојувањето на Пајонија би требало да се датира во периодот 318–316 г.[136] Сепак мора да се истакне дека ова е една претпоставка што се темели попрво на *argumenta e silentio* и некакви „логички поврзувања", одошто на конкретни докази, па затоа мора да се земе со огромна резерва.[137]

Во изворите, Авдолеонт за прв пат го среќаваме како се обидува да се справи со наездата на една група Аутаријати. Имено, притиснати од голема природна непогода,[138] дел од Аутаријатите почнале да се селат во разни правци, меѓу кои една група се упатила на југ кон Пајонија. Кус опис на настанот дава Диодор: „Што се однесува до Македонија, Касандар му притекнал на помош на Авдолеонт, кралот на Пајонците, кој војувал против Аутаријатите; го избавил од опасноста, а Аутаријатите, кои заедно со жените и децата што ги придружувале броеле вкупно дваесет илјади, ги населил крај планината наречена Орбел."[139] Иако во изворите нема согласност, настанот би требало да се датира во 310 г., согласно хронологијата кај Диодор.[140]

Важно прашање што би овозможило подобро да се согледа моменталната моќ на пајонската држава е колку броела војската на Аутаријатите. Имено, текстот на Диодор би можел да се сфати на два начини – или дека Аутаријатите броеле 20.000 војници, или дека станувало збор за вкупно 20.000 Аутаријати, па во тој случај бројот на војници би бил сразмерно помал. Ф. Папазоглу го претпочита првото толкување, истакнувајќи дека античките извори вообичаено не го споменуваат невоеното население, туку бројот на војници.[141] Претпоставката до некаде наоѓа поткрепа и во приказите на Јустин и Оросиј, кои истакнуваат дека Касандар се плашел од нивната бројност и уг-

---

[134] *cf.* Errington 1990, 134.

[135] Преглед на настаните во Европа во времето на II коалиција кај Will 1979–82, i. 48–52; Hamond 1988, 136–144; Errington 1990, 122–129; Waterfield, R. *Dividing the spoils: the war for Alexander the Great's empire*. Oxford UP, Oxford (2011), 69ff.; Grainger 2019, 131ff.

[136] Како што е познато, иако редоследот на настаните е релативно јасен, во современата наука има долготрајна дебата за хронологијата во раниот хеленистички период. Во оваа прилика нема потреба од дискусија и анализа на проблемот, при што е прифатена хронологијата на T. Boiy, *Between High and Low: A Chronology of the Early Hellenistic Period*. Verlag Antike, Berlin (2008), кој дава и детален преглед на најважната литература и толкувања.

[137] Петрова 1999, 17f. имплицитно го датира отцепувањето околу 315 г. Меѓутоа, не е веројатно дека Касандар, кој во 316 г. успеал да воспостави контрола над Македонија, а набргу и да премине во офанзива кон Дирахион и Аполонија (DS, 19.67.6–7, 70.7, 89.1–2), би дозволил отцепување на Пајонија без никаков одговор.

[138] Според изворите, во земјата на Аутаријатите дошло до наезда на жаби, поради што по кратко време дел од племето се отселило. Agatharch., *GGM* I fr.59, p.151; Aelian., *NA*, 17.41; DS, 3.30.3; Just., 15.2.1–2. Интересно е што Хераклејд од Лембос (*FHG* III, fr.3, p.168) зборува за истиот настан, но наместо Аутаријатите ги споменува Пајонија и Дарданија.

[139] 20.19.1. *cf.* Just., 15.2.1–2; Oros., 3.23.36.

[140] Детална анализа на изворите кај Papazoglu 1969, 87–94.

[141] Papazoglu 1969, 88 n.63.

лед на воинствено племе, па затоа одлучил да се договори со нив и да им даде земја за населување. Сепак, толкувањето не делува убедливо. Прво, не треба да се заборави дека дел од Аутаријатите мигрирале во друг правец,[142] а дел останале во татковината.[143] Во тој случај би морале да сметаме дека во еден момент аутаријатската војска броела повеќе од 50-60.000 војници, што делува неверојатно, макар и да претпоставиме дека зад името не се крие само едно племе, туку сојуз на повеќе племиња[144] – дури и Македонија во времето на Филип II и Александар III не била во состојба да мобилизира толкава војска. Од друга страна, иако произволно, можеме да претпоставиме дека односот на воено и невоено население во најдобар случај изнесувал 1:4 или 1:5. Тоа би значело дека Касандар одлучил да насели 80.000 до 100.000 Аутаријати на македонска територија – одлука што делува исклучително ризично, зашто во никој случај не би можел да ги контролира доселениците.[145] Во крајна линија, претпоставката почива на додавање запирка во реченицата на Диодор за децата и жените да се издвојат од војниците, за што во основа нема потреба. Античките автори навистина обично зборуваат само за војници, но тука станува збор за еден специфичен случај, кога дел од племе мигрира заради природна непогода, а не за воен поход, така што нема потреба да се претпостави дека бројката се однесува само на војниците. Што се однесува пак до Касандар, настрана реторските преувеличувања на изворите, одлуката е сосема разбирлива и доследна на неговата внатрешна политика на зајакнување на Македонија и мошне претпазливо користење на воените потенцијали на државата, особено што дел од војската останал во Азија.[146]

Според тоа, би можеле да заклучиме дека станувало збор за вкупно 20.000 Аутаријати,[147] од кои војници во најдобар случај би можеле да бидат четири до пет илјади, па дури и ова се чини премногу. Фактот што Авдолеонт не можел да излезе на крај со неколку илјади аутаријатски војници секако е отрезнувачки податок што предупредува против избрзаните и непоткрепени спекулации за неговите способности и моќ.[148] Тој мора да бил способен за да опстане во бурниот период на дијадосите; но моќта на неговата држава не би требало да се преценува, и таа во најдобар случај претставувала локална сила што секако не можела да се споредува со Македонија, Епир, државата на Лисимах или на пример Илирите на Главкија. Тоа што по 306 г. на монетите тој се сре-

[142] Делев 2014, 126, 164.

[143] Papazoglu 1969, 97.

[144] *ibid.*

[145] Дури и во време на најголемата криза во 302 г., против Деметриј тој можел да мобилизира 29.000 пешаци и 2.000 коњаници (DS, 20.110.4.), од кои повеќето веројатно биле Македонци и тоа би бил максималниот воен потенцијал на Македонија. Навистина, голем број биле оставени и во гарнизоните низ Хелада, а еден значаен одред бил испратен и во Азија на помош на Лисимах и Селевк, но тие во најголем број веројатно биле платеници. *cf.* Errington 1990, 240.

[146] Преглед за владеењето на Касандар кај Errington (1990, 130ff.), кој меѓу другото го истакнува конзервативниот стил на владеење и следењето на примерот на Филип II во повеќе аспекти.

[147] До истиот заклучок доаѓаат и Merker 1965, 46, и Делев 2014, 126f.

[148] *e.g.* Papazoglu 1969, 112; Битракова Грозданова 1987, 21; Петрова 1999, 18; Павловска 2008, 22. Неможноста на Авдолеонт сам да излезе на крај со Аутаријатите говори и против претпоставката на Петрова (*ibid.*), дека во текот на неговото владеење и Агријаните влегле во состав на неговата држава – зашто, се чини неверојатно дека комбинираната сила на Пајонците и Агријаните не била доволна за да се поразат неколку илјади Аутаријати.

ќава како басилеј[149] не го менува овој заклучок. Впрочем, на овој чин и не треба да му се придава преголемо значење, барем кога станува збор за Авдолеонт, зашто тој само го следел примерот на неспоредливо помоќните дијадоси, во обид да се претстави како рамноправен чинител на политичката сцена. За разлика од дијадосите, чиј статус барем од формален аспект не бил јасно дефиниран до 306/5 г. поради што и нивното крунисување имало длабоко политичко и идеолошко значење,[150] Авдолеонт не се соочувал со такви проблеми зашто несомнено бил пајонски басилеј уште од почетокот на своето владеење.[151]

По навалата на Аутаријатите, Авдолеонт исчезнува од изворите речиси две децении. Кога повторно се споменува, ситуацијата во Македонија драстично е сменета. По смртта на Касандар (мај 297 г.), а четири месеци подоцна и на неговиот најстар син Филип IV, дошло до династичка криза што по разни перипетии на крајот ја искористил Деметриј Полиоркет, кој успеал да се добере до македонскиот престол во 294 г.[152] Иако изворите ја прецемуваат моќта и воените потенцијали со кои располагал Деметриј, нема никаков сомнеж дека неговата политика во текот на владеењето во Македонија била агресивна, опортунистичка и непостојана.[153] Поради тоа, не изненадува што следното споменување на Авдолеонт е во контекст на приближување кон Пир – младиот и талентиран владетел на Епир, чија држава играла сѐ поголема улога во регионот. Од Плутарх дознаваме дека по смртта на Антигона, Пир се оженил со ќерката на Авдолеонт,[154] со ќерката на Бардилеј Биркена, како и со Ланаса – ќерката на сиракуския тиранин Агатокле.[155] Иако од изворите не може поточно да се одреди кога Пир ја зел ќерката на Авдолеонт, најверојатно изгледа датирањето меѓу венчавката и разводот со Ланаса, односно втората половина на 290-те.[156] Договорот бил на обострана корист – Авдолеонт се стекнал со моќен сојузник кој бил во непријателски односи со Деметриј Полиоркет; а пак Пир, преку договорите со Бардилеј и Авдолеонт, вршел притисок на северната и

---

[149] Merker 1965, 47; Петрова 1999, 106f.; Павловска 2008, 23.

[150] *v.* Walbank, F. W. „Monarchies and monarchic ideas". In *CAH*² vol.7.1 (1984), 62–100; Gruen, E. S. „The Coronation of the Diadochi". In J. Eadie & J. Ober (eds.), *The Craft of the Ancient Historian*. Univ. Press of America, London (1985), 253–271; Bosworth 2002, 246ff.

[151] Слично како што спартанскиот басилеј Ареј I прв почнал да издава монети со легенда ΒΑΣΙΛΕΟΣ ΑΡΕΟΣ, и воопшто да се однесува во стилот на еден хеленистички владетел, иако неговото владеење започнало во 309 г., а во изворите како басилеј и заповедник на спартанската војска се појавува c. 281 г. (*v.* Cartledge, P. & Spawforth, A. *Hellenistic and Roman Sparta: A tale of two cities*.² Rutledge, London – New York (2002), 30–32). Треба да се истакне дека и Ареј започнал со емитирањето на монетите по успешното одбивање на Пир во 272 г. и во таа смисла е доследен на праксата на дијадосите, од кои повеќето се прогласиле за басилеи по некој значаен воен или политички успех. Дали некој сличен локален успех се крие и зад постапката на Авдолеонт, за жал не знаеме, но не мора да се инсистира на такво нешто. Дека и претходниците на Авдолеонт биле сметани за басилеи сведочи и споменатиот натпис со договорот со Атина, каде и Липеј најверојатно е вбројан меѓу басилеите (под претпоставка дека дополнувањето во редот 34 τ[ῶν ἄλλων βασιλέων] е коректно).

[152] Walbank 1988, 210–218; Errington 1990, 147–150; Grainger 2019, 196–202.

[153] Walbank in Hammond & Walbank 1988, 219ff. (понатаму Walbank 1988); Errington 1990, 150–154. *cf.* Will, E. „The formation of the Hellenistic kingdoms". In *CAH*² vol.7.1 (1984), 101–109.

[154] За жал, единствено името на пајонската принцеза не е споменато.

[155] Plut., *Pyrr.*, 9.1.

[156] *v.* Lévêque 1957, 134. За статусот на ќерката на Авдолеонт и Биркена, *v.* Tarn 1913, 47 n.21; Lévêque 1957, 678f.

северозападната граница на сè уште моќниот Деметриј.[157] Повеќе заинтересиран за западот, и сконцентриран на војната со Пир, изгледа дека Деметриј не посветил внимание на Авдолеонт, и во изворите не се споменува судир меѓу нив.

Во секој случај, само неколку години подоцна, кон крајот на 288 г., Пир и Лисимах навлегле во Македонија, а Птолемај ја испратил својата флота во Егејот. Македонската војска му откажала послушност на Деметриј и тој побегнал во Хелада, каде сè уште контролирал повеќе стратешки места, меѓу кои и Атина. Но, и Атина, со која Деметриј имал бурни и променливи односи во последните две децении, се обидела да се ослободи од власта на кралот. Бунтот бил само делумно успешен, зашто иако летото 287 г. Атињаните успеале да го заземат Мусејонот, сепак Пиреј останал во рацете на Деметриј.[158] Не знаеме која била улогата на Авдолеонт во овие настани – некои мислат дека тој се придружил на коалицијата на Пир и Лисимах, но ако е така, неговите дејствија не оставиле никакви траги во изворите.[159] Во секој случај, по бунтот Атињаните побарале жито и помош, а меѓу оние што одговориле позитивно на барањето бил и Авдолеонт. Во знак на благодарност, неколку години подоцна, односно на последната пританија од атинската 285/4 г., Атињаните му изгласале повеќе почести и му доделиле атинско граѓанско право:

> Кога Диотим беше архонт, на
> дванаесеттата пританија на Пандионида
> на која Лисистрат Аристома-
> хов од Пајанија беше граматеј.
> На дваесет и шестиот од Скирофорион,
> на дваесет и петиот од прита-
> нијата. Собрание. Од име на проедри-
> те ставено на гласање од Филомел Фило-
> мелов од Халаи и останатите проедри.
> Одлучено од демосот. Симонид Хе-
> гемонов од Хагнунт предложи: бидејќи
> басилејот на Пајонците Авдолеонт
> како и претходно останува благо-
> наклонет на демосот на Атињани-
> те, пружи помош и зеде учес-
> тво во потфатот за слободата на
> полисот, и кога демосот го ослободи
> градот, тој се израдува кога дозна
> за постигнатиот успех,
> ценејќи го спасот на градот

[157] Tarn 1913, 64f. n.76; Lévêque 1957, 134; Кабан П., *За Илирите од Бардилис до Гентиј, IV–II в.п.н.е.*, Догер, Скопје (1996), 111f.

[158] Детална анализа на бунтот и на декретот за Калија од Сфетос кај Shear, T. L. *Kallias of Sphettos and the Revolt of Athens in 286 B.C.* Hesperia: Supplement 17, Princeton (1978). Сепак треба да се истакне дека тој го датира бунтот една година подоцна одошто треба. За ревидираната хронологија *v.* Osborne, M. J. Kallias, „Phaidros and the Revolt of Athens in 287 B.C." *ZPE* 35 (1979), 181–194; Dreyer, B. „Der Beginn der Freiheitsphase Athens 287 v. Chr. und das Datum der Panathenäen und Ptolemaia im Kalliasdekret". *ZPE* 111 (1996), 45–67; Habicht, C. *Athens from Alexander to Antony*. Harvard UP, Cambridge MA – London (1997), 95–97.

[159] Tarn 1913, 92 n.7; Osborne 1981–83, ii. 160. Претпоставката се базира на претходните дејствија на Авдолеонт во полза на Атина, забележани на натписот во Атина (ll.11–16) за кој ќе стане збор.

исто како да е и негов; и им помага поединечно и на Атињаните што минуваат време кај него, и на оние што пристигнуваат во земјата; и испрати жито како дар за демосот во висина од седум илјади и петстотини медимни од Македонија, што на свој трошок го пренесе до пристаништата на полисот; и објави дека и во иднина ќе биде од помош, придружувајќи се во напорите за ослободување на Пиреј и за слободата на полисот; за добра среќа, одлука на демосот: да му се укаже чест на басилејот Авдолеонт Патраов од Пајонија поради неговата доблест и благонаклоност кон атинскиот демос, и тој да се овенча со златен венец, и венецот да се објави на Големите Дионисии, при натпреварот во трагедии; а за изработката на венецот и за објавата ќе се погрижат диојкетите. Тој ќе биде атински граѓанин исто како и неговите потомци, и ќе може да се впише во фила и дема и фратрија по негов избор. Пританите што ќе бидат избрани да заседаваат со првата пританија ќе ќе го поднесат гласањето за него на првата еклесија; а пак тезмотетите ќе ја поднесат за него потврдата од наградата во дикастерионот, во првата можна прилика; и ќе му постават коњичка статуа од бронза на агората; а за изработката и поставувањето ќе се погрижат диојкетите

----------------------
----------------------[160]

Настрана останатите почести, станува збор за вообичаен декрет за доделување на граѓанско право. Како и во случајот со други владетели и истакнати и моќни поединци, регистрацијата во филите не е ограничена, но во основа Атињаните не ни очекувале овие приматели да дојдат во градот и да го искористат граѓанското право.[161] Како што можеме да видиме, Атињаните се надевале на помош и во иднина, на што Авдолеонт одговорил позитивно, но од тоа ништо не се остварило. Авдолеонт веќе немал

[160] Osborne 1981–83, i. D76 ~ *IG* II$^3$, 1 871. *cf.* *IG* II$^3$, 1 872, во чест на Тимо–, кој бил во служба на Авдолеонт и меѓу другото се погрижил житото безбедно да стигне во Атина.

[161] Osborne 1981–83, ii. 160f.

прилика да му помогне на градот, зашто набргу потоа умрел, а атинскиот обид нешто подоцна да се ослободи Пиреј завршил катастрофално.[162]

**5.** Изгледа дека последните денови на неговото владеење минале во некакви немири или закани, што може да се претпостави од два прикази. Според Диодор, Авдолеонт му наредил на верниот соработник Ксермодигест да го закопа неговото богатство и никому да не му ја открива локацијата.[163] Сам по себе приказот не е уверлив и наликува на литературен топос, особено што слични приказни се наведуваат и за други владетели.[164] Згора на тоа, приказот на Диодор не е зачуван директно, туку преку Цецес, кој изгледа и самиот го контаминирал.[165] Но, тука е и приказот на Полиајн: „Лисимах го одвел Аристон Авдолеонтов кај Пајонците во кралството на татко му, зашто се надевал дека тие, познавајќи го кралското момче, и него ќе го примат благонаклонето. Кога според кралскиот ритуал го искапеле Аристон во реката Астибос и согласно обичајот на предците му поставиле кралска трпеза, Лисимах дал наредба за напад. Аристон го јавнал коњот и побегнал во Дарданија, а Лисимах загосподарил со Пајонија.“[166] Очигледно наследувањето било доведено во прашање, но зошто и од кого не можеме да кажеме. Во секој случај, најверојатно во 284 г.,[167] пајонското кралство влегло во состав на сега веќе огромната држава на Лисимах. Но, и ова потрајало само неколку години, зашто во 281 г. тој бил поразен и загинал кај Корупедион, во битката против Селевк I.[168] Кога и Селевк по неколку месеци бил убиен, започнала нова фаза на борба за македонскиот престол што привремено завршила со победа на Птолемај Кераун – најстариот син на Птолемај I и убиецот на Селевк.[169]

Не е јасно каква била реакцијата во Пајонија на оваа нова криза во Македонија, но во секој случај мора да била од ефемерен карактер, зашто истовремено почнале келтските напади. Изворите за нападите се подоцнежни и меѓу нив има сериозни несогласувања,[170] така што е невозможно да се изгради дефинитивна слика за хронологијата и редоследот на настаните.[171] Ниту пак е јасно дали станувало збор за две инвазии,

---

[162] Сите 420 Атињани биле убиени откако паднале во заседата на Хераклејд – заповедникот на гарнизонот во Пиреј (Polyaen., 5.17.1).

[163] 21.13.

[164] *e.g.* Декебал (Cass. Dio, 68.14.4–5) и Аларих (Jord., *Get.*, 30).

[165] Tzetz., *Hist.*, 6.465–475 (ed. Leone). Имено, според Цецес, реката каде било скриено богатството на Авдолеонт се нарекувала Саргентиј, што многу наликува на реката Саргентија каде било скриено богатството на Декебал (Tzetz., *Hist.*, 2.60–65), така што сосема е возможно тој по грешка да го вметнал овој податок во приказот на Диодор.

[166] Polyaen., 4.12.3. Аристон исчезнува од изворите, така што не знаеме каква била неговата судбина.

[167] Делев 2004, 254.

[168] *v.* Делев 2004, 258–261.

[169] Од изворите тешко може да се изгради јасна и доследна претстава за настаните. Особено не е јасно кога Птолемај Кераун се судрил со Птолемај Лисимахов кој бил подржан од илирскиот владетел Монуниј, ниту каков бил исходот од таа војна. *v.* Papazoglu 1969, 106–110; Walbank 1988, 245–249; Errington 1990, 158f.; Делев 2004, 262ff.

[170] Nachtergael 1977, 15ff.

[171] *v.* Nachtergael 1977, 126ff. *cf.* Walbank 1957–79, i. 49–51; Id., 1988, 251–258; Heinen, H. *Untersuchungen zur hellenistischen Geschichte des 3. Jahrhunderts v. Chr.* Steiner, Wiesbaden (1972), 88–91; Mitchell, S. *Anatolia*, vol.1, Clarendon Press, Oxford (1993), 13–15; Campbell, D. R. J. *The so-called Galatae, Celts, and Gauls in the Early Hellenistic Balkans and the Attack on Delphi in 280–279 BC.* (PhD thesis, Univ. of Leicester), 2009, 171ff.; Lopez Sanchez, F. „Galatians in Macedonia (280–277 BC): Invasion or Invitation?“. In T. N. del–Hoyo

или пак за една главна инвазија, со координирана низа на напади.[172] Тоа што треба да се истакне е дека за разлика од келтските напади во Тракија каде подоцна ќе настане „кралството Тилис“[173] и Мала Азија што ќе стане дом на неколку келтски племиња,[174] нападите во Пајонија, Македонија, Илирија и Хелада изгледа не биле со главна цел да се најде место за населување (иако се разбира ова не е исклучено), туку имале пред сè пљачкашки карактер.[175]

Инвазијата започнала во 280 г., со тоа што Келтите се поделиле во три групи, предводени од Болгиј, кој прво навлегол во Илирија а потоа во Македонија; Брен и Акихориј, кои ја нападнале Пајонија; и Керетриј, кој тргнал против Трибалите и Тракија.[176] Кераун, без да ги дочека засилувањата, непромислено се судрил со Болгиј, бил поразен и загинал веројатно на почетокот на 279 г.[177] Ситуацијата ја спасил Состен[178] кој успеал да собере војска и да го порази Болгиј, но веќе истата година се соочил со уште поголемата војска на Брен. Каков бил исходот од битката не знаеме, зашто изворите се контрадикторни.[179] Следните две години Состен ги минал во борби против Келтите,[180] како и претендентите за престолот, меѓу кои и Антигон Гоната.[181] На крајот токму Антигон Гоната извлекол најголема полза од келтските напади, зашто по победата кај Лисимахеја и смртта на Состен конечно успеал да го освои македонскиот престол.[182]

Келтската наезда во изворите е прикажана како еден трауматичен и крајно деструктивен настан, што несомнено и била. Но, барем во случајот на Македонија, последиците не биле катаклизмични, што јасно произлегува од надворешната политика на Антигон Гоната во следната деценија.[183] Со оглед на положбата, можно е Пајонија да

---

& F. Lopez Sanchez (eds.). *War, Warlords, and Interstate Relations in the Ancient Mediterranean*. Brill, Leiden (2018), 183–203.

[172] Nachtergael 1977, 174 n.221.

[173] *v.* Делев 2004, 280–282.

[174] *v.* Mitchell 1993, 15ff.

[175] Campbell 2009, 58ff. *cf.* Walbank 1988, 252; Mitchell 1993, 15.

[176] Paus., 10.19.6–7.

[177] Paus., 10.19.7; Memnon, *BNJ* F1, 8.8; Polyb., 9.35.4; DS, 22.3; Trog., *Prol.*, 24; Just., 24.3.10–5.7. Според дел од изворите Кераун загинал во битката, а според други бил заробен и погубен. Во секој случај сите зборуваат за тежок пораз.

[178] За Состен не се знае речиси ништо. Можно е да станува збор за поранешен заповедник во војската на Лисимах, ако е истиот Состен што се споменува во писмото на Лисимах до Приена, и ако воопшто празнината треба да се дополни со Состен (Welles, *RC* 6 ll.11–12: Σω[σθένους? τοῦ] / στρατηγοῦ). За неговата позиција *v.* Nachtergael 1977, 131 n.22; Walbank 1988, 254 n.4.

[179] Според Јустин (24,6,1–3) Состен бил тешко поразен, по што Брен ја опустошил земјата пред да продолжи кон Делфи; Диодор (22.9.1), во еден приказ со низа лакуни зборува за победа што Брен го чинела големи загуби; додека пак според Порфириј (*BNJ* 260 F3, 10), Состен го изгонил Брен од Македонија. *v.* Nachtergael 1977, 137–140.

[180] *cf.* *Gonnoi* II. 93 ll.23–4: τοῦ κατὰ Σωσθέ– / [ν]ην πολέμου.

[181] *v.* Walbank 1988, 254f., 580–86; Errington 1990, 160f.

[182] За настаните од битката кај Лисимахеја до враќањето на Пир *v.* Nachtergael 1977, 167–70; Will 1979–82, 107–10; Walbank 1988, 257f.; Waterfield 2021, 117–21.

[183] Прво водел исцрпувачка војна со Пир за македонскиот престол, 274–272 г. (Lévêque 1957, 553ff.; Will 1979–82, i. 209–16; Walbank 1988, 259–67; Waterfield 2021, 124–31). Потоа, можно е да презел поморска офанзива што резултирала со освојувањето на Каунос (с. 269?), а приближно во исто време ја осво-

минала многу полошо од Македонија – каков што, се чини, бил случајот и со Дарданија.[184] Како и да е, одговорот на ова прашање треба да се бара пред сѐ во археолошките извори, кои се предмет на други трудови во монографијава. Во оваа прилика, сосема накусо може да се спомене еден епиграм од Тлос,[185] во чест на Неоптолем,[186] кој ги поразил Писидијците, Пајонците,[187] Агријаните и Галатите.[188] За жал, не располагаме со други информации за овој настан, така што не можеме да процениме ниту за колкави одреди станувало збор, ниту во кој контекст дошло до судирот на Неоптолем со наведените племиња. Присуството на Пајонците и Агријаните се објаснува на различни начини – едноставно биле „понесени“ од келтската навала,[189] доброволно се придружиле на Келтите во походите и пустошењето низ Мала Азија,[190] или можеби биле платеници кои се одале на грабежи.[191] Сепак, во ситуација кога не располагаме со дополнителни извори за настанот, најдобро е прашањето да се остави отворено и единствено да се укаже на присуството на пајонски и агријански одреди во Мала Азија.[192]

**6.** По келтската наезда на власт во Пајонија го наоѓаме Леонт, кој воопшто не се споменува во изворите, а е познат само благодарение на неговите монети[193] и натписи-

ил и Еретрија (Knoepfler, D. „Les relations des cités eubéennes avec Antigone Gonatas et la chronologie delphique au début de l'époque étolienne“. *BCH* 119.1 (1995), 141–44). На крајот се судрил и ја поразил моќната коалиција предводена од Птолемај II во Хремонидовата војна, 268–263/2 г. (Heinen 1972, 97ff.; Will 1979–82, i. 220–28; Buraselis, K. *Das hellenistische Makedonien und die Ägäis*. C.H. Beck'sche Verlagsbuchhandlung, München (1982), 155–160 Walbank 1988, 276ff.; O'Neil, J. L. „A Re–Examination of the Chremonidean War“. In P. Mckechnie and P. Guillaume (eds.) *Ptolemy II Philadelphus and his world*. Brill, Leiden (2008), 65–89; Waterfield 2021, 159ff.). Што се однесува до евентуалната поморска офанзива, претпоставката се темели врз еден натпис објавен во 2006 (*IKaunos* 4), што се датира во петнаесеттата година од владеењето на некој Ангитон, кој најверојатно би требало да биде Гоната. Дали градот останал под власт на Антигонидите уште од времето на Деметриј Полиоркет или пак бил освоен од Гоната не знаеме, но вторава можност делува поверојатно. *v.* Kuzmin, Y. N. „The Antigonids, Caunus and the so–called 'Era of monophthalmus': Observations prompted by a new inscription“. In V. Gouŝchin & P. J. Rhodes (eds.). *Deformations and crises of ancient civil communities*, Franz Steiner Verlag, Stuttgard (2015), 73–85; Waterfield 2021, 159.

[184] *cf.* Papazoglu, 1969, 111.

[185] Исцрпна анализа на епиграмот кај Barbantani, S. „The Glory of the Spear“. *Studi Classici e Orientali* 53 (2007), 67–138.

[186] Неоптолем подоцна бил епонимен свештеник на култот на Александар и на *Theoi Adelphoi* од 2 јуни 252 до 21 мај 251 г. (*PSI* V 515). *v.* Barbantani 2007, 82–6. Тој секако не бил владетел, како што велат Микулчиќ, И. & Соколовска, В. „Икона на кралот Дропион“. *MAA* 11 (1990), 107.

[187] Текстот на ова место е оштетен, така што Пајонци е дополнување, при што се понудени и други решенија, од кои особено привлечно би можело да биде „Меди“, што во лагидските текстови од овој период се користи како навредлив израз за Селевкидите. Во тој случај Писидијците, Агријаните и Галатите би биле платеници во служба на Селевкидите. Сепак, дополнувањето „Пајонци“ се чини поуверливо, и е генерално прифатено како најверојатно решение. *v.* Barbantani 2007, 79.

[188] Steph. Byz., *Ethnica*, no. 47, s.v. Ἀγρίαι (ed. Billerbeck).

[189] Merker 1965, 49. Претпоставката дека Пајонија во ова време се соочувала со недостиг од војници што ја базира на епиграмот, мора да се земе со резерва, зашто како што беше споменато, не го знаеме ниту бројот на војниците, ниту пак нивниот статус.

[190] Launey 1949, 405 n.4., 473.

[191] Делев 2014, 165.

[192] Историскиот контекст детално го разгледува Barbantani 2007, 89ff. *cf.* Mitchell 1993, 17f.

[193] *v.* Pavlovska, E. „The Coinage of the Paeonian Kings Leon and Dropion“. In N. Holmes (ed.), *Proceedings of the XIVth International Numismatic Congress* Glasgow 2009, Glasgow (2011), 319f.

те на Дропион. За неговото владеење, што генерално се датира ~277–~250 г., не знаеме ништо. Во истиот период во Македонија владеел Антигон Гоната (283–239 г.),[194] но и неговата северна политика претставува загатка. Врз основа на една анегдота кај Атенај,[195] В. Тарн претпоставува дека Гоната можеби презел некој поход на север во периодот 276-274 г., но ова ниту може да се докаже, ниту пак – дури и да е така – може да се утврди против кого и зошто.[196] Се разбира, тука е и прашањето за основањето на Антигонеја во Пајонија, но како што ќе видиме понатаму, тоа би требало да се датира во времето на Антигон Досон. Според тоа, ниту еден извор не споменува какви било неприлики на северната граница на Македонија во времето на Гоната. Со оглед на очајната состојба со изворите, особено по смртта на Пир и по Хремонидовата војна, ова одвај би можело да се нарече аргумент; сепак во случај да имало некоја посериозна криза би очекувале макар и далечен одглас во некој извор,[197] а такво нешто нема. Фактот што во голем дел од владеењето Гоната можел да ги насочи својата енергија и ресурси кон Хелада и Егејот,[198] остава впечаток дека ситуацијата на северната граница била релативно мирна.

Кога Антигон Гоната починал во 240/39 г., во Пајонија веќе владеел синот на Леонт – Дропион, последниот пајонски крал, кој се претпоставува дека дошол на власт ~250 г. Благодарение на посветите во Делфи и Олимпија, за овој владетел можеме да кажеме нешто повеќе. Според Павсанија, „Пајонскиот басилеј Дропион Леонтов испратил во Делфи глава од пајонски бизон, изработена од бронза."[199] Од Делфи имаме уште една посвета: „Дропион Леонтов, басилеј на Пајонците, посветува статуа од дедо му Авдолеонт на Аполон Питиски, во согласност со пророштвото."[200] Посветата од Олимпија пак гласи: „Којнонот на Пајонците ја посвети статуата од Дропион Леонтов, басилејот на Пајонците и основач, поради неговата доблест и благонаклоност."[201]

Ќе беше интересно да имавме повеќе податоци за функционирањето на пајонскиот којнон, кој бил востановен во времето на Дропион,[202] но бидејќи се споменува

---

[194] Иако завладеал со Македонија во 277/6 г., Антигон Гоната ги броел своите владетелски години од смртта на Деметриј Полиоркет во 283 г. *v.* Chambers, M. „The First Regnal Year of Antigonus Gonatas." *AJPh* 75.4 (1954), 385–394.

[195] Athen., 8. 340f. (ed. Douglas Olson).

[196] Tarn 1913, 201 n.111. Главниот аргумент на Тарн е што во тој период не знаеме за други походи на Гоната, така што најверојатно станува збор за поход на север. Меѓутоа, нашите извори за овој период се толку фрагментарни што е невозможно да се одреди што точно правел Антигон и каде дејствувал. Papazoglu (1969, 111 n.43) со право е резервирана.

[197] Како што на пример Јустин (26.2.9–12), во еден крајно збркан преглед со неколку очигледни грешки, сепак го споменува нападот на Александар Епирски на Македонија кон крајот на Хремонидовата војна.

[198] *v.* Buraselis 1982, 155ff.; Walbank 1988, 290ff.; Errington 1990, 170–73; Gabbert, J. J. *Antigonus II Gonatas. A Political Biography.* Routledge, London – New York (1997), 54–58; Waterfield 2021, 177ff.

[199] 10.13.1.

[200] Pouilloux 1950, 22–25, со подобрено читање на натписот кај Bousquet 1952. Петрова (1999, 21 n.78) погрешно го протолкувала натписот мислејќи дека статуата му е посветена на Авдолеонт согласно пророштвото на Аполон. Всушност, приматели на посветата е Аполон, а предметот што е посветен е токму статуата од Авдолеонт.

[201] *IvO* 303. Битракова Грозданова (1987, 22) и Петрова (1999, 21 n.78), грешат кога велат дека којнонот му посветил статуа на Дропион. Всушност статуата е предметот што е посветен.

[202] Hammond (1988, 483f. n.4), остава простор изразот κτίστης воопшто и да не се однесува на којнонот, туку на основањето на некој град. Толкувањето не е убедливо, исто како што не е убедливо и неговото

единствено на натписот од Олимпија, не може да се каже ништо поконкретно. Којноните ниту претставувале новина на IV и III век, ниту пак имале исто, односно унифицирано, уредување. Всушност, и самиот збор „којнон", кој пред сè значи „заедница", може да има различни значења во контекст на едно државно уредување, вклучително и на полис.[203] Поради тоа, споредбите со хеленските којнони од овој период, а пред сè Ајтолскиот и Ахајскиот, и самите со разлики во уредувањето, не може да се земат како паралели кои би фрлиле светлина врз пајонското устројство. Во таа смисла, претпоставката дека токму Ајтолија и Ахаја понудиле нацрт што потоа бил копиран од останатите држави воопшто не е уверлива.[204] Поинтересно звучи теоријата дека Дропион го презел овој систем од Македонија,[205] но ова не решава ништо бидејќи македонското уредување е трнливо прашање за кое сè уште нема согласност меѓу научниците, вклучително и како треба да се сфати изразот „којнон на Македонците".[206] В. Тарн пак размислува за евентуалното влијание од епирскиот којнон,[207] што со оглед на долгата традиција на вакви „заедници" во Епир,[208] исто така би можело да се земе предвид. Во секој случај, сè додека не се појават нови извори, дискусијата за којнонот на Пајонците е беспредметна.

Второ прашање што се поставува во однос на посветите на Дропион е – кога да се датираат. Веднаш паѓа во очи дека тие се направени во двете најважни светилишта во Хелада, од кои Делфи по одбивањето на келтскиот напад постепено потпаднало под контрола на Ајтолскиот којнон,[209] а Олимпија се наоѓала во рацете на Елида – најважниот ајтолски сојузник на Пелопонес.[210] Анализирајќи ги односите меѓу Македонија и Ајтолскиот којнон, Ж. Пују резервирано заклучил дека тие би требало да се датираат во времето на Деметриј II (239–229 г.), односно во текот на Војната на Деметриј (c. 238–

мислење (*ibid.*) дека пајонската држава била организирана по племиња само врз основа на географскиот опис кај Плиниј (*HN*, 4.17).

[203] *v.* Giovannini, A. *Untersuchungen über die Natur und die Anfänge der bundesstaatlichen Sympolitie in Griechenland.* Vandenhoeck & Ruprecht, Göttingen (1971), 14–24, со забелешките на Walbank, F. W. „Were there Greek Federal States?". *SCI* 3 (1976/7), 27–51.

[204] Mack, R. (1952), *Grenzmarken und Nachbarn Makedoniens im Norden und Westen,* (Diss. Göttingen), 154f. apud Walbank 1988, 268 n.6; Петрова 1999, 23.

[205] *e.g.* Merker 1965, 52.

[206] Одличен преглед за ова прашање со постарата литература кај Le Bohec 1993, 239–47. *cf.* Errington 1990, 218ff.; Проева 1997, 48ff. King, C. J. „Macedonian Kingship and Other Political Institutions". In Roisman & Worthington (2010), 373–391, дава преглед со поновата литература. Hatzopoulos (*e.g.* 1996; Id. 2020), и покрај неговиот огромен придонес за расчистувањето на ова прашање е премногу догматичен и мора внимателно да се користи.

[207] Tarn 1913, 173. За организацијата и институциите на епирските заедници, а потоа и на Епирскиот којнон *v.* Cabanes, P. *L'Épire de la mort de Pyrrhos à la conquête romaine.* Belles Lettres, Paris (1976), 100ff., 357ff.

[208] Иако по малку конфузен, а во заклучоците произволен, Hammond („The *Koina* of Epirus and Macedonia". *ICS* 16.1–2 (1991), 183–192) дава полезен преглед на изворите за пораниот период.

[209] *v.* Scholten 2000, 59ff.

[210] Битракова Грозданова (1987, 22), неосновано вели дека Олимпија се наоѓала под протекторат на Ахајскиот којнон. Напротив, до крајот на III век Елида останала најважен сојузник на Ајтолците на Пелопонес и соперник на Ахајците, и дури по поразот на Антиох III кај Термопилите и повлекувањето во Мала Азија, се приклучила на Ахајскиот којнон есента 191 г. *v.* Kralli, I. *The Hellenistic Peloponnese: interstate relations.* The Classical Press of Wales, Swansea (2017), 328f.

228 г.).[211] Ова секако делува најверојатниот период, но во основа не може да се исклучи ниту владеењето на Антигон Гоната. Навистина, тој никогаш не се судрил со Ајтолците, а по падот на Коринт во 243 г. дури склучил и договор со нив насочен против Ахајскиот којнон,[212] но во суштина односите постојано биле напнати.[213] Секако најдобар показател за тоа е повлекувањето по 277 г. и на македонските хиеромнемони и на оние од областите под македонска власт од Делфиската амфиктионија[214] – пракса што нема да биде прекината ниту во периодот на „сојузот“ меѓу Гоната и Ајтолија.[215] Впрочем, кон ист заклучок води и фактот што во овој период македонските владетели одржуваат контакт и прават бројни посвети на Делос,[216] а не во Олимпија или во Делфи. Според тоа, теоретски посветите на Дропион би можеле да датираат од кој било период од неговото владеење.

Ова уште повеќе ја проблематизира и онака не многу уверливата претпоставка за учеството на Дропион во Војната на Деметриј. Имено, тргувајќи од несомнено пријателските односи меѓу Дропион и Ајтолците, некои сметаат дека тој се приклучил на сојузот меѓу Ајтолскиот и Ахајскиот којнон во војната против Деметриј II.[217] Фактот што изворите не го споменуваат неговото учество можеби и не е толку сериозен проблем со оглед на нивната фрагментарност. Многу поважен е самиот тек на војната, што се водела на неколку фронтови и се состоела од упади и помали судири.[218] Тоа што е јасно и важно за нашево прашање, е дека не само што во првите неколку години Деметриј II очигледно бил во можност да води офанзивна војна, туку и постигнал неколку успеси – најверојатно ја опустошил околината на Плеурон,[219] успеал да ја освои Бојотија,[220] можеби и Мегара,[221] а неговиот стратег Битис го поразил Арат постариот кај Филакија.[222]

[211] Pouilloux 1950, 28–30. Прифатено од Merker 1965, 51f.; Битракова Грозданова, 1987, 22; Петрова 1999, 22f. Walbank (1988, 268 n.6), е повоздржан и не е сосема уверен.

[212] Polyb., 2.45.1, 9.34.6–7. Полибиј најверојатно ги преувеличува одредбите од договорот, тврдејќи дека била предвидена поделба на Ахајскиот којнон. *v.* Walbank 1957–79, i. 239f., Scholten 2000, 124–26, 133 n.7.

[213] Како што истакнува и самиот Pouilloux 1950, 29 n.2.

[214] Принципот прв го истакнал Beloch, K. J. „Die delphische Amphiktionie im III. Jahrhundert“. *Klio* 2.2. (1902), 205–226. Picard (*Chalcis et la Confédération eubéenne*, de Boccard, Paris (1979), 268) и Walbank (1988, 270f.) го доведуваат во прашање особено врз примерите од Евбоја; но Knoepfler 1995, докажува дека Белох сепак е во право.

[215] *cf.* Scholten 2000, 240ff.

[216] *v.* Reger, G. „The Political History of the Kyklades 260–200 B.C.“ *Historia* 43.1 (1994), 54f., 61.

[217] *e.g.* трудовите цитирани во *бел.* 211 (со исклучок на Walbank 1988).

[218] *v.* Will 1979–82, i. 343–49; Walbank 1988, 321ff.; Grainger, J. D. *The league of the Aitolians*. Brill, Leiden (1999), 217ff.; Scholten 2000, 144ff.; Kuzmin 2019, 73–79.

[219] Ако зад Деметриј „Ајтолецот“ (Strabo, 451C) се крие всушност Деметриј II, како што на пример мисли Ehrhardt, C. „Demetrius ὁ Αἰτωλικός, and Antigonid Nicknames“. *Hermes* 106.1 (1978), 251–253. *cf.* Кузьмин, Ю. Н. „Загадка Деметрия «Этолика»“. *Исседон* 4 (2007), 59–66. Но, дури и да не станува збор за Деметриј II, мора да се претпостави македонска интервенција или помош за Епир, зашто за момент била сопрена ајтолската анексија на западна Акарнанија (Walbank 1988, 323f.).

[220] Polyb., 20.5.3. Walbank 1957–79, iii. 69.

[221] Во зависност од тоа дали „басилејот Деметриј“ што се среќава на неколку мегарски декрети, е Деметриј Полиоркет, или пак Деметриј II. За спротиставени мислења *v.* Robu, A. „Between Macedon, Achaea and Boeotia: The Epigraphy of Hellenistic Megara Revisited“. In N. Papazarkadas (ed.). *The Epigraphy and History of Boeotia*. Brill, Leiden (2014), 95–118 (Деметриј II); и Chrysafis, Ch. „A Note on the history of Hellenistic Megara: The date of the Antigonid garrison in Aegosthena“. *Τεκμήρια* 14 (2018), 181–202 (Деметриј Полиоркет).

Хронологијата на овие настани не е сосема јасна, но барем освојувањето на Бојотија би требало да се датира с. 236 г., а победата кај Филакија најдоцна до 233/2 г., иако е сосема можно да станува збор за 235/4 г. Сето ова остава впечаток дека барем во првата половина од војната, Деметриј II не се соочувал со проблеми на другите граници и можел да се посвети на војната против Ајтолија и Ахаја. Според тоа, фактот што посветите на Дропион не може со сигурност поточно да се датираат, како и тоа што ниту една од нив не е во контекст на војна или пак победа, заедно со молкот на изворите и текот на војната во Хелада, укажуваат дека тој сепак не учествувал во овој судир.

Прашањето за крајот на владеењето на Дропион, а со тоа и на пајонската држава, може да се разгледува повторно низ событијата во Војната на Деметриј. Имено, и покрај почетните успеси, Деметриј полека исчезнува од изворите кон средината на деценијата.[223] Неговата пасивност ќе доведе до целосен распад на македонската позиција во Хелада, вклучително и бунтот во Тесалија[224] и ослободувањето на Атина по неговата смрт.[225] Како што заклучува М. Ерингтон, или Деметриј II бил најпасивниот од сите македонски владетели, или бил преокупиран со други проблеми што не оставиле траги во изворите.[226] Дека Деметриј навистина се соочувал со сериозни проблеми дознаваме од текот на настаните во 231 г. Кога жителите на Медеон, поради притисокот од Ајтолците, побарале помош, не можејќи да одговори на повикот, Деметриј му платил на илирскиот владетел Агрон да им помогне на негово место.[227] Одлуката на Деметриј што ќе има толку далекусежни последици,[228] се должела на фактот што тој веќе бил зафатен со борбите против Дарданците предводени од Лонгар.[229] Деметриј бил поразен од Дарданците и набргу потоа умрел (229 г.),[230] оставајќи го за наследник малиот Филип.[231] Не знаеме кога точно започнала војната со Дарданците, но веројатно нема

---

[222] Plut., *Arat.*, 34.2. Локацијата на Филакија не е позната. Се претпоставува дека станува збор за место или во Атика, или пак во Аркадија.

[223] Дури и ако битката кај Филакија се датира 233/2 г., а не во 235/4 г., како што беше споменато, Деметриј II не учествувал во неа.

[224] Scholten 2000, 165–69.

[225] Habicht 1997, 173–78.

[226] Errington (1990, 175), кој ја претпочита првата можност.

[227] Polyb., 2.2.3–5. Walbank 1957–79, i. ad loc.

[228] *cf.* Пановски, С. „Македонско–илирските односи кон крајот на III век ст.е.“, 239f., 250–57. In М. Јакимовска–Тошиќ (ур.), *Македонско–хрватски книжевни, културни и јазични врски.* Институт за македонска литература, Скопје, 2014, 237–259.

[229] Во дел од ракописите на Ливиј наместо Лонгар, пишува Лангар. Меѓутоа, нема никаква потреба овој дардански владетел да се поврзе со познатиот владетел на Агријаните и пријател на Александар III, како што понекогаш се правело во постарата литература. *v.* Briscoe, J. *A Commentary on Livy, books 31–33*, Oxford UP, Oxford (1973), 128.

[230] За датумот *v.* Le Bohec 1993, 99–101.

[231] Liv., 31.28.2; Trog., *Prol.*, 28; Just., 28.3.9–10. Дел од научниците сметаат дека Деметриј II загинал во битката со Дарданците (*e.g.* Tarn 1913, 201 n.111; Papazoglu 1969; Микулчиќ & Соколовска 1990, 109; Петрова 1999, 24). Но, претпоставката не е уверлива. Имено, сè што вели Трог е дека Деметриј II бил поразен од Дарданците, а по неговата смрт за регент на Филип V бил избран Антигон Досон (Ut rex Macedoniae Demetrius sit a Dardanis fusus: quo mortuo tutelam filii eius Philippi suscepit Antigonus). Нема никаква потреба овие две информации директно причински да се поврзат, особено што станува збор за еден од *Пролозите* на Трог, што и онака се крајно збиени. Згора на тоа, треба да се истакне и молкот на Јустин по ова прашање. Имено, тој само вели дека Деметриј II умрел во Македонија, а за наследник го оставил малолетниот Филип V. Со оглед на тоа што токму Јустин релативно

многу да згрешиме ако ја датираме во периодот меѓу инвазијата на Бојотија (~236 г.) и договорот со Агрон во 231 г. За тоа каде се одвивале борбите, и каде точно дошло до битката што Деметриј II ја загубил може само да се спекулира.[232] Меѓутоа, од текот на настаните во првата година од владеењето на Антигон Досон, и особено од основањето на Антигонеја, можеме слободно да заклучиме дека воените дејствија не ја одминале Пајонија. Фактот што изворите не ја споменуваат ниту Пајонија, ниту нејзниот басилеј во текот на борбите, упатува на заклучок дека во меѓувреме пајонската држава била уништена. Кон ваков заклучок наведува и информацијата кај Ливиј, дека по III Македонска војна Дарданците барале да им биде вратена Пајонија зашто била нивна.[233] Според тоа, крајот на пајонската држава може да се датира во втората половина од владеењето на Деметриј II, односно некаде меѓу 235 и 231 г., кога пропаднала под ударите на Дарданците.[234]

**7.** Како што слабеењето на Епир повторно ги соочило македонските кралеви со опасноста од Илирите, така и исчезнувањето на пајонското кралство ги исправило пред нов предизвик – опасноста од Дарданците; и токму на територијата на Пајонија се одвивале дел од бројните судири меѓу нив. Прв морал да одговори на предизвикот Антигон Досон, регентот на малиот Филип, кој летото 229 г.[235] презел поход против Дарданците. Деталите од овој поход не се познати, но знаеме дека завршил со решавачка победа на Досон. Овој заклучок се темели не само врз претпоставката дека токму по победата над Дарданците Досон бил прогласен за басилеј,[236] туку и фактот што до крајот на неговото владеење тие повеќе не му задавале проблеми. Второво е дотолку поважно ако се земе предвид дека Дарданците – кои често го користеле отсуството на македонските владетели од државата со дел од војската – останале мирни, иако Досон минал голем дел од владеењето надвор од Македонија.[237] Со оглед на бројните закани и

опширно (секако, за негови стандарди) го опишува загинувањето на Птолемај Кераун, доколку Деметриј II загинал во битка би очекувале тоа да биде споменато. И Плутарх (*Aem.*, 8.2) единствено вели дека Деметриј умрел, без да спомене битка. Кон ист заклучок води и говорот на Досон, кој меѓу другото истакнува дека „Дарданците и Тесалците биле восхитени од смртта на Деметриј.“ Групирањето со Тесалците е индикативно, зашто Деметриј II секако не загинал во борба со нив; така што поентата на Досон е дека и тие и Дарданците се охрабриле кога дознале за смртта на Деметриј, што е крајно нелогично ако тој загинал во битката со Дарданците. *v.* Walbank 1957–79, i. 238; Le Bohec 1993, 98f.

232 Kuzmin (2019, 78), претпоставува некаде на северозападната граница на Македонија.

233 Liv., 45.29.12: Dardanis repetentibus Paeoniam, quod et sua fuisset et continens esset finibus suis etc...

234 *v.* Papazoglu 1969, 111–14; Le Bohec, 1993, 154. *contra* Merker (1965, 52f.), кој претпоставува дека пајонската држава била уништена од Досон. Но, ниту еден од нашите извори не споменува такво нешто. Микулчиќ & Соколовска (1990, 109) без апсолутно ниту еден аргумент и сосема произволно не само што ги датираат посветите на Дропион во времето на Антигон Досон и со тоа ја симнуваат границата на неговото владеење, туку и претпоставуваат дека токму во овој период пајонската држава го доживеала економскиот и политичкиот подем. Петрова (1999, 21f. n.78) со право е скептична и ја отфрла ваквата акробација.

235 Le Bohec 1993, 152.

236 *ibid.*, 129–33.

237 Во Тесалија и средна Хелада (228 г.): Walbank, F. W. „Antigonus Doson's Attack on Cytinium (REG 101 (1988), 12–53)“. *ZPE* 76 (1989), 184–192; Le Bohec 1993, 154–63; Scholten 2000, 165ff. Во Карија (227 г.?): Bengtson, H. *Die Inschriften von Labranda und die Politik des Antigonos Doson.* Bayerische Akademie der Wissenschaften München, München (1971); Walbank 1988, 343–45; Le Bohec 1993, 327ff. На Пелопонес (224–222 г.): Walbank 1988, 345ff.; Le Bohec 1993, 363ff.

проблеми со кои се соочувал на почетокот на владеењето, не изненадува што и покрај големата победа, Досон одлучил да го окупира само јужниот дел на Пајонија. Заради заштита од идни дардански напади, била основана Антигонеја во Пајонија, некаде меѓу Стоби и Европ.[238] Иако се чини дека во современата литература сè уште преовладува мислењето дека Гоната е основач на градот,[239] ова датирање почива на старата претпоставка дека Пајонија била освоена уште од овој Антигон,[240] што одамна е докажано како погрешно.[241] Напротив, земајќи ги предвид историските околности, многу поверојатно е градот да бил основан од Антигон Досон, кога по победата над Дарданците ја припоил јужна Пајонија.[242] Тоа што го започнал Досон, го завршил неговиот наследник Филип V кој во 217 г. ја освоил Билаѕора „најголемиот град во Пајонија, чија положба е толку погодна во однос на премините од Дарданија во Македонија, што со ова постигање тој речиси се беше ослободил од стравот од Дарданците. Имено, тие веќе не можеа лесно да навлегуваат во Македонија, зашто благодарение на овој град Филип ги контролираше премините."[243]

Од понатамошниот тек на настаните е јасно дека Полибиј во одредена мера ги преувеличува, или барем ги поедноставува работите. Зашто, изворите споменуваат судири со Дарданците и во следните години – понекогаш дардански упади, а понекогаш напади на Филип V, кој се обидувал да ја зацврсти границата колку што може.[244] Ова се должело на неколку фактори. Прво, Пајонија, односно долината на Аксиј, не била единствениот приод кон Македонија. Токму поради тоа во 211 г., по склучувањето на сојузот меѓу Рим и Ајтолскиот којнон, во една превентивна кампања по северната граница, Филип меѓу останатите ги нападнал и Дарданците и го освоил градот Синтија(?).[245] Но, веќе во 209 г. се случил голем дардански упад, при што Дарданците успеале да се пробијат до Орестида.[246] Ова нè доведува до вториот фактор. Независно колку градови и утврдувања освојувал и контролирал, и колку пати ги поразувал соседните племиња (особено Дарданците), Филип едноставно не располагал со доволно сили, и онака ангажирани на премногу страни, за да може ефикасно да ја брани северната граница во секој момент. Оваа ситуација убаво ја доловува споредбата на Н. Хамонд, кој истакнува дека за разлика од Филип II, кој можел одлучувачки да ги порази непријате-

---

[238] Plin., *NH*, 4.34. *Tab. Peut.* VI 5. Генерално е прифатено дека зад Асигонија, што се среќава кај Rav. Anon., 4.9.7, всушност се крие Антигонеја во Пајонија. За Антигонеја *v.* Hammond 1972, 172–74; Papazoglou 1988, 323–26; Cohen, G. M. *The Hellenistic Settlements in Europe, the Islands, and Asia Minor*. Univ. of California Press, Berkeley – Los Angeles (1996), 92f.

[239] *e.g.* Hammond 1972, 174; Walbank 1988, 268; Errington 1990, 164; Adams, W. L. „Alexander's Successors to 221 BC", 220. In Roisman & Worthington (2010), 208–224; Waterfield 2021, 132.

[240] Tarn 1913, 320f.

[241] Pouilloux 1950, 25–29.

[242] *v.* Вујчић 2017.

[243] Polyb., 5.97.1–2.

[244] За борбите меѓу Филип и Дарданците до II Македонска војна *v.* Papazoglu 1969, 116–19; Briscoe 1973, 128.

[245] Liv., 26.25.3. Walbank 1940, 85f. За Синтија и можната емендација на текстот *v.* Papazoglu 1969, 117. Можно е токму од пленот од овој поход да е и посветата на Филип на Атена Линдоска (*Lind. chron.*, *BNJ* 532 F3 (42); *v.* Papazoglu 1969, 117; Hammond 1988, 403).

[246] Liv., 27.33.1. Според Јустин (29.4.6), во оваа прилика Дарданците успеале да одведат 20.000 заробеници. Бројката несомнено е преувеличена, но сепак ја одразува сериозноста на ситуацијата и размерите на дарданскиот напад. *cf.* Walbank 1940, 92. Hammond (1988, 403f. n.2), резервирано смета дека Јустин можеби и не преувеличува.

лите и да ги покори, Филип V морал да се задоволи со опустошување на непријателската територија и со дефанзивни мерки.[247]

Веројатно нема подобар пример за ова од настаните во периодот 204–197 г. Имено, како подготовка за источната кампања и неговото отсуство, во 204 и 203 г. Филип презел неколку походи за зацврстување на северната граница. Освен големиот поход во Тракија и акциите во Илирија, изгледа во овој период Филип им нанел и тежок пораз на Дарданците, кои според изворите изгубиле приближно 10.000 војници.[248] Поразот очигледно бил доволно сериозен за Дарданците да останат мирни во следните неколку години. Но, веќе на почетокот на II Македонска војна тие се приклучиле на римската коалиција и повторно се заканувале на Македонија и Пајонија. Заради заштита на северната граница, Филип оставил дел од војската под номинална команда на Персеј, да го брани преминот кон Пелагонија. Но, поради римскиот притисок, пролетта 199 г. морал да го повлече овој одред за да ја засили главнината од војската, што веднаш било искористено од Дарданците и Илирите. Дури при повлекувањето Дарданците биле пресретнати од Атенагора, еден од заповедниците на Филип, кој успеал да им одземе дел од пленот и да им нанесе одредени загуби.[249]

Повеќето борби во периодот меѓу освојувањето на Билазора и крајот на II Македонска војна можеби ја одминале Пајонија и се одвивале позападно, што во одредена мера и ја оправдува анализата на Полибиј. Но, тоа не може да се каже и за настаните во 197 г. Имено, охрабрени од катастрофата кај Киноскефала, Дарданците уште еднаш се впуштиле во пљачкашки поход, овој пат по долината на Аксиј. Филип собрал нова војска од 6.000 пешаци и 500 коњаници и во ненадеен напад во близината на Стоби им нанел тежок пораз.[250] Во следните децении се чини дека ситуацијата на северната граница била помирна, што се должело на повеќе фактори – почестото присуство на Филип во Македонија; неможноста Дарданците да водат самостојна политика кон Македонија, зашто сега и едните и другите биле во сенката на Рим; можните проблеми со останатите соседи; и особено неколкугодишната војна со Бастарните.[251] Иако замислата на Филип да ги уништи Дарданците со помош на Бастарните не успеала,[252] долгата и

[247] Hammond 1988, 403.

[248] DS, 28.2. Papazoglu 1969, 119, остава место и за можноста битката да се биела во текот на I Македонска војна. Но, аргументацијата не е уверлива, а датирањето во 204 г. делува поверојатно. *cf.* Walbank 1940, 111f.; Id. 1957–79, ii. 423.

[249] Liv., 31.33.3, 34.6., 40.7–8, 43.1–3. Walbank 1940, 142f., 145, 318; Papazoglu 1969, 119–22. *cf.* Hammond 1972, 60–64. Петрова 1999, 25 погрешно ги опишува овие настани. Прво, станува збор за 199 г., а не за 200 г.; второ, дарданскиот напад се одвивал истовремено со маневрите и судирот кај Отолоб, а не како последица на него; трето, борбите веројатно не се одвивале во Пајонија, туку позападно; и четврто, Дарданците не се повлекле поради поразот, туку веќе биле во фаза на повлекување кога биле престигнати од Атенагора кој успеал да им одземе дел од пленот.

[250] Liv., 33.19.1–5. Papazoglu (1969, 122f.) мисли дека можеби не станувало збор за пљачкашки, туку за освојувачки поход чија цел била враќање на северна Пајонија во рамките на дарданското кралство. Ова не е невозможно, но Ливиј потенцира дека голем дел од Дарданците биле убиени додека пљачкале во околината на Стоби. Се разбира, во крајна линија двата мотиви не се исклучиви.

[251] Преглед на односите до почетокот на III Македонска војна кај Papazoglu 1969, 123–28.

[252] Papazoglu (1969, 124f.), начелно ја прифаќа верзијата на изворите дека целта на Филип V била прво да ги насели Бастарните во Дарданија, а потоа да ги испрати во војна против Рим, но ова толкување не делува веројатно и попрво е одглас не само на римската пропаганда во предвечерието на III Маке-

тешка војна меѓу овие две племиња ги оневозможила да земат поголемо учество во текот на III Македонска војна.[253]

Така, борбата за Пајонија, што била и една од главните причини за честите судири меѓу македонските владетели и Дарданците, завршила во полза на првите, и таа останала под македонска власт сè до падот на кралството. Многу малку знаеме за односот и политиката на Антигонидите кон Пајонија. Во контекст на собитијата во 181 и 180 г., односно околностите за убиството на помладиот син на Филип V, Деметриј, се споменува и Пајонецот Дида кој бил и стратег на Пајонија;[254] но не знаеме кога Пајонија била организирана како стратегија.[255] Кон крајот на своето владеење, односно есента 183 г. Филип започнал програма на масовна преселба на населението, при што жители од долна Македонија, особено крајбрежните градови биле преселени во Пајонија, а пак на нивно место населил „Тракијци и барбари“.[256] Целта на оваа политика несомнено била да се засили македонскиот елемент во Пајонија, а со тоа и безбедноста на границата кон Дарданија.[257] Веројатно како дел од овој проект била основана и Персеида, иако изразот на Ливиј не е доволно јасен, за да ни открие каде точно се наоѓал градот.[258]

Така, деталите за статусот и состојбата во Пајонија како дел од македонската држава остануваат нејасни, но и покрај тоа може да се донесат неколку заклучоци. Иако покорена, Пајонија не била интегрирана во македонската држава во потесна смисла на зборот – таа имала статус на стратегија, пајонските војници во војската на Антиго-

---

донска војна, туку уште повеќе и на римската психоза од евентуална инвазија од истокот. *cf.* Walbank 1940, 236ff.; Gruen, E. S. „The Last Years of Philip V“. *GRBS* 15 (1974), 239; Hammond 1988, 468–71; Errington 1990, 209–12.

[253] Papazoglu 1969, 129–33.

[254] Изворите за Дида се собрани кај Le Bohec, S. „Les Philoi des Rois Antigonides“. *REG* 98 (1985), 108 no.8; Tataki, A. B. *Macedonians abroad : a contribution to the prosopography of ancient Macedonia.* De Boccard, Paris (1998), 208. За убиството на Деметриј *v.* Edson, C. F. „Perseus and Demetrius“. *HSCPh* 46 (1935), 191–202; Walbank, F. W. „ΦΙΛΙΠΠΟΣ ΤΡΑΓΩΙΔΟΥΜΕΝΟΣ. A Polybian Experiment“. *JHS* 58 (1938), 55–68; Gruen 1974, 221–46; Пановски, С. „Смртта на Деметриј и римската пропаганда“. *ГИНИ* 55.1–2 (2011), 39–51; Dreyer, B. „Frank Walbank's Philippos Tragoidoumenos: Polybius' Account of Philip's Last Years“. In B. Gibson & T. Harrison (eds.). *Polybius and his world.* Oxford UP, Oxford (2013), 201–211.

[255] За пајонската стратегија Bengtson 1964, 339–45 (non vidi). Примерот со кариската стратегија што била организирана веднаш по освојувањата во 201 г. (Ma, J. *Antiochos III and the cities of Western Asia Minor*. Oxford UP, Oxford 1999, 77–81. *cf.* Walbank 1957–79, ii. 529–33), покажува дека и пајонската теоретски би можела да биде формирана во кој било период од владеењето на Филип V.

[256] Polyb., 23.10.4–11; Liv., 40.3.3–4. Walbank 1957–79, iii. 229–32; Briscoe 2008, 416–22.

[257] *pace* Walbank 1940, 243f.

[258] Liv., 39.53.14–16. Ливиј, кој тука го следи Полибиј, вели дека градот бил основан во Девриоп – според него област во Пајонија, иако на друго место вели дека Стибера е дел од Пелагонија (31.39.4); со ова во одредена мера се согласува и Страбон (326–7C), кај кого Девриоп не е дел од Пајонија, туку посебна област, што граничи со Пелагонија; на друго место пак, Страбон поставува равенство меѓу Пајонците и Пелагонците (7. fr.38). Едно од понудените решенија е *Paeoniam* да се емендира во *Pelagoniam*, но во тој случај мора да се претпостави грешка на двете места во текстот на Ливиј. Другата можност е дека во одреден период Пелагонија била сметана како дел од Пајонија, иако ова е спротивно на ономастичкиот материјал (Papazoglou, F. „Les stèles éphébiques de Stuberra.“ *Chiron* 18 (1988), 233–280), како и фактот што во изворите жителите на Девриоп се прикажани како Македонци (*e.g.* Arr., *Ind.*, 18.6; *SEG* 35: 821). *v.* Walbank 1940, 243 n.1; Hammond 1988, 459; Cohen 1996, 99; Briscoe, J. *A Commentary on Livy, books 38–40*. Oxford UP, Oxford (2008), 403; Hatzopoulos 2020, 47f.

нидите биле групирани во сопствени единици,[259] а жителите на пајонските градови се идентификувале како Пајонци.[260] Можеби парадоксално, но интеграцијата на Пајонија започнала дури по падот на македонското кралство, кога била вклучена во поделбата на Македонија на четири мериди.[261]

## ОДБРАНА ЛИТЕРАТУРА:


Archibald, Z. H. *The Odrysian Kingdom of Thrace: Orpheus Unmasked.* Clarendon Press, Oxford, (1998).

Berve, H. *Das Alexanderreich auf prosopographischer Grundlage*, 2 Bd. C.H. Beck'sche Verlagsbuchhandlung, München, (1926).

Битракова Грозданова, В. *Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија.* Филозофски факултет, Скопје, (1987).

Bosworth, A. B. *Conquest and empire: the reign of Alexander the Great.* Cambridge UP, Cambridge, (1988).

______. *The Legacy of Alexander: Politics, Warfare and Propaganda under the Successors.* Oxford UP, Oxford, (2002).

Bousquet, J. „Dropion, roi des Péones". *BCH* 76.1 (1952), 136-140.

Делев, П. *Лизимах.* УИ „Св. Климент Охридски", София (2004).

______. *История на племената в Югозападна Тракия през I хил. пр. Хр.* УИ „Св. Климент Охридски", София (2014).

Ellis, J. R. *Philip II and Macedonian Imperialism.* Princeton UP, Princeton (1976).

Errington, R. M. *A History of Macedonia.* University of California Press, Berkeley – Los Angeles (1990).

Gaebel, R. E. *Cavalry operations in the ancient Greek world.* Univ. of Oklahoma Press, Norman (2002).

Hammond, N. G. L. *A History of Macedonia, volume I, Historical Geography and Prehistory.* Clarendon Press, Oxford (1972).

Hammond, N. G. L. & Griffith G. T. *A History of Macedonia, volume II, 550-336 B.C.* Clarendon Press, Oxford (1979).

Hammond, N. G. L. & Walbank, F. W. *A History of Macedonia, volume III, 336-167 B.C.* Clarendon Press, Oxford (1988).

Hatzopoulos, M. B. *Macedonian institutions under the kings*, vol. 1. National Hellenic Research Foundation, Athens, (1996).

______. *Ancient Macedonia.* De Gruyter, Berlin (2020).

Heckel, W. *The Marshals of Alexander's Empire.* Routledge, London – New York, (1992).

______. *Who's Who in the Age of Alexander the Great: Prosopography of Alexander's Empire.* Blackwell, Malden – Oxford, (2006).

______. *Alexander's Marshals: A Study of the Makedonian Aristocracy and the Politics of Military Leadership*$^2$. Routledge, London – New York, (2016).

Kuzmin, Y. N. „King Demetrius II of Macedon: In the Shadow of Father and Son". *ŽAnt* 69 (2019), 59-83.

Launey, M. *Recherches sur les armées hellénistiques.* De Boccard, Paris (1949).


[259] *v. бел.* 128.

[260] *e.g. BE* (1969), no.456.

[261] Hatzopoulos 2020, 41. За поделбата на Пајонија во склоп на македонските мериди, *v.* Papazoglou 1988, 69–71.

Le Bohec, S. *Antigone Dôsôn, roi de Macédoine*. Presses Univ. de Nancy, Nancy (1993).

Lévêque, P. *Pyrrhos*. De Boccard, Paris (1957).

Merker, I. L. "The Ancient Kingdom of Paionia". *Balkan Studies* 6.1 (1965), 35–54.

Nachtergael, G. *Les Galates en Grèce et les Sôtéria de Delphes. Recherches d'histoire et d'épigraphie hellénistiques*. Palais des académies, Bruxelles (1977).

Osborne, M. J. *Naturalization in Athens*, 4 vols. Palais der Academiën, Brussel (1981, 1982, 1983).

Papazoglu, F. *Srednjobalkanska plemena u predrimsko doba*. Centar za balkanološka ispitivanja, Sarajevo, (1969).

______. *Les villes de Macédoine a l'époque Romaine*. de Boccard, Paris (1988).

Павловска, Е. *Монетите на Пајонија од нумизматичка збирка на НБРМ*. Народна банка на РМ, Скопје, (2008).

Петрова, Е. *Пајонија во II и I милениум пред н.е.* Македонска цивилизација, Скопје, (1999).

Pouilloux, J. „Dropion, roi des Péones". *BCH* 74.1 (1950), 22-32.

Проева, Н. *Студии за античките Македонци*. Macedonia Prima, Скопје, (1997).

Rhodes, P. J. & Osborne, R. *Greek historical inscriptions: 404—323 BC* (edited with introduction, translations, and commentaries). Oxford UP, Oxford, (2003).

Roisman, J. & Worthington, I. (eds.). *A Companion to Ancient Macedonia*. Wiley-Blackwell, Malden – Oxford, (2010).

Scholten, J. B. *The politics of plunder : Aitolians and their koinon in the early Hellenistic era, 279-217 B.C.* Univ. of California Press, Berkeley – Los Angeles (2000).

Sekunda, N. & Warry J. *Alexander the Great: His Armies and Campaigns 334-323 BC*. Osprey, London, (1998).

Tarn, W. W. *Antigonos Gonatas*. Clarendon Press, Oxford (1913).

Вујчић, Н. „Антигон Досон и околности оснивања Антигоније у Пеонији". *Зборник Матице Српске за класичне студије* 19 (2017), 117-130.

Walbank, F. W. *Philip V of Macedon*. Cambridge UP, Cambridge (1940).

______. *A Historical Commentary on Polybius*, 3. vols. Clarendon Press, Oxford (1957, 1967, 1979).

Waterfield, R. *The Making of a King: Antigonus Gonatas of Macedon and the Greeks*. Univ. of Chicago Press, Chicago (2021).

Will E. *Histoire politique du monde hellénistique (323~30 av. J.-C.)*$^2$, t.1-2. Presses Univ. de Nancy, Nancy (1979, 1982).

Wright, N. L. "The Horseman and the Warrior: Paionia and Macedonia in the Fourth Century BC". *The Numismatic Chronicle* 172 (2012), 1-26.